# 75 years macedonian success story

# 75 години успешна македонска приказна

ALKALOID
SKOPJE

*Health above all Здравјето пред сè*

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија Pharmaceutical chemical cosmetic industry

www.alkaloid.com.mk


UNITED STATES OF
AMERICA

# АЛКАЛОИД ВО СВЕТОТ
# ALKALOID WORLDWIDE





Страста за совршенство нè донесе онаму каде што се наоѓаме денес. Способноста да се остане на врвот е во нашата умешност за изнаоѓање на најквалитетниот пристап кој би ги задоволил и најпрефинетите вкусови и најпробирливите барања.

За да ја одржиме предноста, вложивме многу сила, знаење и искуство, постојано имајќи ги на ум оние на кои сме им најпотребни.

Имаме амбиција и желба за соочување со секој предизвик, **за подобра иднина за сите...**

Our passion for perfection brought us where we stand today. The capability to remain on the top lies in our competence to find the highest quality approach that would satisfy the most sophisticated tastes and the most meticulous demands.

To keep this advantage, we have invested our vigour, knowledge and experience constantly thinking of those who need us the most. We are eager and ambitious to face every challenge... **for better future... for everyone...**





# 7 ДЕЦЕНИИ

## РАСТ И РАЗВОЈ

## 7 DECADES OF GROWTH AND DEVELOPMENT






## 1936 - 1946

Почетоците датираат во далечната 1936 година, со отворање на првиот преработувачки капацитет. На почетокот петнаесеттина работници во два погона произведувале околу 350 кг фармацевтски суровини. Основна дејност е производство на алкалоиди од опиум , односно екстракција на морфин база и нејзино синтетизирање до кодеин. Фабриката претставува никулец на една нова стопанска гранка не само на овие простори, туку и во поширокиот регион..

Летото 1945 година, Алкалоид имал 17 работника, од кои само еден со високо образование. На крајот од оваа декада, започнува континуираниот растеж на Алкалоид, еден од најстарите индустриски капацитети во Република Македонија и тогашната југословенска заедница.

The beginnings date back to the year 1936, when the first processing facility was opened. In the beginning, approximately fifteen workers worked in two plants on the production of cca. 350kg pharmaceutical raw materials. The primary activity was the production of opium alkaloids, i.e. the extraction of a morphine base and its synthethising to codeine. This factory engendered a brand new industrial branch, not only on this territorry, but wider in the region as well.

In the summer of 1945, Alkaloid had 17 employees, out of which only one had completed higher education. It was from the end of this decade that the continual growth of Alkaloid commenced, as one of the oldest industrial facilities in the Republic of Macedonia and the (former) Yugoslav federation.

Почетоците датираат во далечната 1936 година, со отворање на првиот преработувачки капацитет

The beginnings date back to the year 1936, when the first processing facility was opened



## 1946 - 1956

Се зголемува производството, се осовременува технологијата, се проширува производната дејност и се подобрува квалификационата структура на вработените. Алкалоид има 38 работника и рекордно производство од 1544 килограми алкалоиди.

Со 53 работника во 1949. година, Алкалоид реализира 2135 килограми алкалоиди, а остварените приходи се за една третина поголеми од оние во 1947. година. За постигнатите резултати, Компанијата добива сојузно признание за најдобра фабрика во тогашна Југославија.

The production increased, the technology became modernized, the production range broadened and the qualification structure of the employees improved. There were 38 workers in Alkaloid and a record production of 1.544 kilograms of alkaloids.

With 53 workers in 1949, Alkaloid produced 2.135 kilograms of alkaloids, while the incomes were higher by one third compared to those in 1947. For the results it accomplished, the company received a federal recognition for being the best factory in former Yugoslavia.



1956 - 1966

Се воведуваат нови производни дејности, како тенденција за заокружување на техничко-технолошкиот процес. Во 1957 година е пуштен во работа нов капацитет за производство на лекови: Галенскиот погон, каде на база на алкалоидните суровини започнува производството на готови лекови во форма на таблети и течности, а подоцна и масти и ампули, меѓу кои Кодеин, Кафетин, Кодафен и Носкапин - таблети и сируп.

Бројот на вработени се зголемува, а квалификациите вклучуваат повеќе фармацевти, технолози, хемичари … Галенскиот погон учествува со седум проценти во остварените приходи, а само неколку години подоцна, тој е носител на 70 проценти од вкупните приходи на фабриката. Со тоа Алкалоид го започнува пробивот и афирмацијата и надвор од границите на тогашната држава. Започнува деловно-техничката соработка со познати светски фармацевтски и хемиски корпорации како: "Терапликс" од Париз, Франција, а потоа и со реномираните "Фајзер" од Њујорк, "Шеринг" АГ од Берлин, "Специа" од Париз, "Лабораторија Делагранж" од Париз, "Хеми" од Линц, "Солко" АГ и " Хофман Ла Рош"од Базел, "МеркШарпДом, од САД и други.

New production lines were introduced, following the tendency to round up the technical and technological process. In 1957 a new facility for manufacturing drugs started operating. This was the Galenic plant, where, based on alkaloid raw materials, the production of finished drugs in the form of tablets and fluids commenced, followed by ointments and ampoules, some of which were Codeine, Caffetin, Codaphen and Noscapin - tablets and syrups.

The number of employees increased, and their qualifications included an ever increasing number of pharmacists, technologists, chemists … The Galenic plant participated with 7 percent in the accomplished incomes, and just a few years later it raised to 70 percent of the total incomes of the factory, attributed precisely to the Galenic plant. This was how Alkaloid initiated its breakthrough and affirmation even beyond the borders of the country. The business and technical cooperation with pharmaceutical and chemical corporations of world fame, such as "Theraplix" from Paris, France, and the renowned "Pfizer" from New York, "Schering AG" from Berlin, "Specia" from Paris, "Laboratoires Delagrange" from Paris, "Chemie" from Linz, "Solco AG" and "Hoffmann La Roche" from Basel, "Merck Sharp & Dohme" from the USA, etc.

Оваа декада по многу нешта претставува нова етапа во развојот на Алкалоид.

By many criteria, this decade initiated a totally new stage in the development of Alkaloid.










Во почетокот, ваквата соработка се состоела во преземање лиценци, а подоцна се преминува на доработка и производство на супстанции наменети за специфични фармацевтски производи. Се збогатува асортиманот на Алкалоид со нови препарати за голем број области од медицината, а многу од нив претставуваат врвни достигнувања во фармакотерапијата.

Initially this cooperation consisted of taking over licenses, and later it also involved further processing and manufacturing of substances intended for specific pharmaceutical products. The range of Alkaloid products was enriched with new products for many medical fields, and a large number of them were great achievements in the field of pharmacotherapy.





## 1966 - 1976

Во мај 1966 година, кон Алкалоид се интегрира претпријатието за откуп на лековити билки - Билка од Скопје. Како една целина се обединуваат три основни дејности: производство на алкалоиди, на готови лекови и билки. Алкалоид прераснува во вистинска индустрија, каде производството започнува со обезбедување сопствена суровинска база, а завршува со финален производ.

Во 1958 година се пушта во работа новиот погон за екстракција на афион, со кој се воведува нова технологија на водена екстракција на незасечени афионови чушки. Овие зафати уште посилно ги зацврстуваат позициите на Алкалоид и неговите економски перформанси. За само три години од 1968 до 1971 година, остварените резултати на Алкалоид се зголемуваат четирикратно. Порастот на производството е следен и со зголемување на бројот на вработените. Во 1969 година Алкалоид брои 515 вработени, а во 1971 има 671, од кои 120 се со високо образование.

In May 1966, the enterprise for purchase of medical herbs, “Bilka” from Skopje, was integrated with Alkaloid. The three basic activities were united as one whole: production of alkaloids, finished drugs and herbs. Alkaloid grew into a real industry, where the process of production began with the provision of its own raw material base, and ended up with the final product.

In 1958 a new plant for the poppy extraction was put into operation, thereby introducing a new technology of water extraction of poppy capsules without any cutting. These endeavours strengthened the positions of Alkaloid and its economic performance to a great extent. In just three years, from 1968 to 1971, the results accomplished by Alkaloid increased fourfoldedly. The increase in production was accompanied by an increase in the number of employees. In 1969 there were 515 employees in Alkaloid, while in 1971 there were 671 employees, of which 120 had higher education.





Во 1972 година почнува со работа новата фабрика за готови лекови. Современ капацитет со работна површина од 7000 квадратни метри, во кој се сместени сите галенски одделенија и кој претставува заокружена техничко-технолошка производствена целина. Започнува и производство на ветеринарни препарати.

Во 1973 година се реализира интеграцијата со фабриката за производство на хемикалии и фотоматеријали "Лафома", и со фабриката за сапуни и козметика "Цветан Димов".

In 1972 a new factory for manufacturing finished drugs began its operations. It was a modern facility with a working area of 7,000 square meters, which housed all the galenic departments and which functioned as a complete technical and technological manufacturing entity. The production of veterinary preparations started as well.

In 1973 the integration with the "Lafoma" factory for the production of lacquers and photomaterials took place, as well as the integration with the "Cvetan Dimov" factory for soaps and cosmetics.



## 1976 - 1986

Во 1978 година во Алкалоид се интегрира и фабриката за бои и лакови "Пролетер", а стартува и подготовката за изградба на фабриката за козметика и сапуни. Ваквиот развој и растеж го позиционира Алкалоид меѓу петте најголеми компании од овој вид во тогашната југословенска заедница. Алкалоид брои над 2800 работника од кои 560 се со високо образование. Кон крајот на седумдесеттите години е извршена целосна реконструкција на Таблетното одделение. Почнува осовременувањето на Одделението за ампули и за конфекционирање, и се изготвуваат плановите за новата фабрика за ветеринарни производи. Се проширува асортиманот на готови лекови и се продлабочува деловно-техничката соработка со најпознатите светски фармацевтски компании.

In 1978 the "Proleter" factory for paint and coatings integrated with Alkaloid. Preparations started for the construction of a factory for cosmetics and soaps. This development and growth positioned Alkaloid among the five largest companies of its kind in the former Yugoslav federation. There were over 2,800 employees in Alkaloid, of which 560 had higher education. In the late seventies a complete reconstruction of the Tablet Department took place. The modernization of the Ampoule and Confectioning Department  commenced, and plans were made for a new factory for veterinary products. The range of finished drugs was expanded and the business and technical collaboration with world renowned pharmaceutical companies was further developed.

## На тогашниот југословенски пазар Алкалоид пласира широк асортиман производи од препаративната и декоративната козметика

## On the Yugoslav market at the time, Alkaloid placed a wide range of preparatory and decorative cosmetic products




На тогашниот југословенски пазар Алкалоид пласира широк асортиман производи од препаративната и декоративната козметика, меѓу кои посебно се истакнуваат колекциите “Бекутан”, “Блек ап”, како и палетата која е резултат на соработката со реномираните “Алберто Калвер” од САД и германскиот бренд “Шерк”. Во рамките на Алкалоид успешно работи и Центарот за медицинска козметологија.

Во производството на хемикалии воспоставена е долгорочна производно-техничка соработка со Мерк од Дармштад, за заеднички настап на југословенскиот и на странските пазари.

Долгогодишните стручни и деловни контакти со англиската фирма “Адмел” од Вејбриџ, придонесува за проширување на асортиманот во сегментот на диазо и фотоматеријали, а во соработка со јапонската корпорација “Фуџи” почнува со работа новоизградената фабрика за производство на рендген филмови.

Подем има и во областа на билкарството, каде зад производството и примената на лековитите растенија застанува науката. Во таа функција се и специјализираните билни аптеки што се отвораат во Скопје и во Белград.

On the Yugoslav market at the time, Alkaloid placed a wide range of preparatory and decorative cosmetic products, some of the most famous being “Becutan” and “Black up”, along with the array of products resulting from the cooperation with the renowned “Alberto Culver” from the USA and the German brand “Scherk”. The Center for Medical Cosmetology is yet another department that functioned successfully within the framework of Alkaloid.

In the sphere of chemicals production, a long-term production and technical cooperation was established with Merck from Darmstadt, which implied joint placement of products on the Yugoslav and the foreign markets.

The long-standing professional and business contacts with the British company “Admel” from Weybridge, contributed to the extension of the product range in the segment of diazo and photo materials. In cooperation with the Japanese corporation “Fuji” our newly-built factory for producing X-ray films started operating.

Progress was also made in the area of botanicals, where science stood behind the production and application of medical plants. To that end, Alkaloid opened the specialized botanical pharmacies in Skopje and Belgrade as well.



## 1986 - 1996

Успешната приказна на Алкалоид во овој период ја одбележуваат подготовките и почетокот на најкрупниот инвестициски циклус во историјата на Компанијата, како и нејзината сопственичка трансформација во рамките на системските реформи во државата. Во 1990 година, Компанијата е регистрирана како акционерско друштво во мешовита сопственост, додека во 1998 година, Алкалоид е регистриран како акционерско друштво во приватна сопственост.

Алкалоид останува една од ретките компании во државата која успева да го задржи позитивниот тренд на раст и развој, па дури и да ги подобри своите перформанси во работењето. Менаџерскиот тим на Алкалоид во овој период ја зацврстува определбата за интензивирање на развојот преку јасниот концепт - за инвестиции во објекти и за техничко-технолошко осовременување на производството. Во 1994 година започнуваат градежните работи на новата фабрика за лекови која се простира на површина од 12 000 метри квадратни.

Алкалоид го зголемува производството и асортиманот, а сè понагласената извозна ориентација на компанијата резултира со пробив на странските пазари.

Alkaloid's success story during this period was marked by the preparation activities and the commencement of the biggest investment cycle in the history of the company, as well as its ownership transformation within the framework of the system reforms in the state. In the year 1990 the company was registered as a joint stock company with mixed ownership, while in 1998 Alkaloid was registered as a joint stock company in private ownership.

Alkaloid managed to remain one of the rare companies in the country that succeeded in maintaining the positive tendency of growth and development, and even improved its operational performances.

During this period, the management team of Alkaloid strengthened its determination to intensify the progress by means of the clear concept - investment in facilities and technical and technological modernization of the production process. In 1994, the construction of a new drugs factory stretching over an area of 12.000m2 was initiated. Alkaloid increased its production and extended its product range, while the prominent export orientation of the company resulted in a breakthrough on the foreign markets.



Во 1994 година започнуваат градежните работи на новата фабрика за лекови која се простира на површина од 12 000 метри квадратни.

In 1994, the construction of a new drugs factory stretching over an area of 12.000m2 was initiated.

Кон крајот на оваа декада се склучени исклучително значајни извозни  аранжмани, во рамките на кои Алкалоид прв на овие простори воспоставува нов вид деловна соработка со меѓународно етаблирани фармацевтски куќи. Извозот неколкукратно ги надминува тогашните максимални производствени капацитети на Алкалоид.

Палета на повеќе производи од асортиманот на Алкалоид, под препознатливиот македонски бренд, излегува од производните линии на швајцарскиот Солко и францускиот Делагранж.

Остварените резултати му овозможуваат на Алкалоид добра кондиција за реализирање на амбициозните развојни планови на менаџерскиот тим. Инвестициите се насочуваат кон купување современа опрема, јакнење на машинскиот парк, а изградбата на нова фабрика за лекови е зацртана како единствена вистинска перспектива за Компанијата.

Начелото дека за сè попробирливите светски пазари инвестирањето не е избор, туку неопходност, и натаму останува цврста определба во деловната агенда на Алкалоид.

Стратешки, Алкалоид го реализира најзначајниот потег: трансфер на современ маркетиншки систем, извозно ориентиран, со отворање сестрински компании вон границите на Државата. Ваквата мрежа континуирано се проширува на нови пазари.

Towards the end of this decade Alkaloid made highly important export arrangements, such that made it the first company in the region to introduce new types of business cooperation with world-famous pharmaceutical companies. The export considerably surpassed the maximum production capacities of Alkaloid at the time. A whole range of Alkaloid products carrying the logo of the recognizable Macedonian brand became produced in the production lines of the Swiss Solco and the French Delagrange.

The results achieved enabled Alkaloid to accomplish the ambitious development plans of the management team. The investments were oriented to purchasing modern equipment, upgrading the machine park, while the construction of a new drugs manufacturing plant was envisaged as the only real prospect for the company.

The principle that for the highly selective world markets investment is not a choice, but a necessity, still remained as a firm determination in the business agenda of Alkaloid.

Alkaloid realized the most important strategic move: transfer to a modern export-oriented marketing system by opening daughter companies abroad. This network continued to expand onto new markets.








1996 - 2006

Во 1996 година Алкалоид го почнува најкрупниот инвестициски циклус. Квалитативно нов значаен потег на Алкалоид во овој период е соработката со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ). Договорите со овие меѓународни финансиски институции, потпишани во 1999 година, претставуваат основа за нов вид соработка. Преку нив Алкалоид, од една страна обезбедува финансиска поддршка од околу 17,4 милиони евра во форма на конвертибилен заем, кој на почетокот на 2004 година е комплетно исплатен.

Преку ваквиот вид соработка, што за прв пат се реализира во Македонија, Алкалоид ги имплементира најсовремените принципи на корпоративно управување.

Во носечката дејност на Алкалоид, секторот Фармација почнува имплементација на строгите норми за добра производствена практика, т.н. ГМП - стандарди.

Сето ова создава услови носечкиот македонски фармацевтски бренд да фати чекор со светски признатите производители на лекови. Во јуни 1998 година се комплетира новиот магацин за готови лекови со современ дистрибутивен центар, а во април 2000 година е предаден во употреба најсовремен високо-регален магацин за суровини и амбалажа.

In 1996 Alkaloid started its major investment cycle. A new quality move of Alkaloid during this period was the cooperation with the European Bank for Reconstruction and Development (EBRD) and the International Finance Corporation (IFC). The contracts with the aforementioned international financial institutions, signed in 1999, were the basis for a new type of cooperation. This was how Alkaloid, on the one hand, provided financial support amounting to approximately 17,4 million euros in the form of convertible loan, which was fully paid off in the beginning of 2004.

Through this type of cooperation, which was realized in Macedonia for the first time, Alkaloid implemented the most modern principles of corporate governance.

The main business of Alkaloid, Pharmaceuticals, started implementing the strict norms of Good Manufacturing Practice, i.e. GMP standards.

All this created the conditions for the leading Macedonian pharmaceutical brand to keep pace with the drug manufacturers famous worldwide. In June 1998 the new warehouse for finished drugs was completed, along with a modern distribution center. In April 2000 a state-of-the-art high rack warehouse for raw materials and packaging materials started functioning.

Во 1996 година Алкалоид го почнува најкрупниот инвестициски циклус. Квалитативно нов значаен потег на Алкалоид во овој период е соработката со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ)

In 1996 Alkaloid started its major investment cycle. A new quality move of Alkaloid during this period was the cooperation with the European Bank for Reconstruction and Development (EBRD) and the International Finance Corporation (IFC).



Во 2000 година Алкалоид-Фармација станува член на Европската генеричка асоцијација на производители на лекови.

Под мотото - пробив на светскиот пазар, инвестирањето се интензивира во 2002 година со стартот на новата фабрика за цврсти дозни форми и на фабриката за полусинтетски цефалоспорини, во кои целосно се имплементирани ДПП - стандардите.

Заради поефикасно и поквалитетно производство, Алкалоид гради и опремува најсовремен оддел за пакување лекови во вредност од 4,5 милиони евра, со две нови линии: за пакување цврсти форми (таблети, дражеи и капсули), со капацитет од 200 000 пакувања во минута и за ампули, со капацитет од 30 000 ампули во минута.

Со цел да се обезбеди повисок степен на автоматизација на производството, 600.000 евра се вложуваат во новата линија за дозирање и за пакување раствори за орална употреба и во осовременување и адаптација на просторот за чување полупроизводи.

In the year 2000 Alkaloid-Pharmaceuticals became a member of the European Generics Association of Drug Producers.

Under the motto - breakthrough to the world market - investments intensified during the year 2002 with the launch of the new factory for solid dosage forms and the one for semi-synthetic cephalosporines, with fully implemented Good Manufacturing Practice standards.

For the purpose of more efficient production of higher quality, Alkaloid constructed and equipped a most modern department for packaging of drugs, amounting to 4.5 million EUR, with two new lines: packing of solid forms (tablets, dragées and capsules) with capacity of 200.000 packages per minute and packing of ampoules, with the capacity of 30.000 ampoules per minute.

In order to provide a higher degree of automation in the manufacturing process, 600.000 EUR were invested in the production line for dosage and packaging of solutions for oral administration and in the modernization and adaptation of the premises for storing semi-finished products.





Во 2004 година е дислоциран најстариот погон на Алкалоид од локалитетот во Автокоманда во новиот капацитет во Ѓорче Петров, каде со повисоки стандарди и со пософистицирана опрема се обезбедува и повисок квалитет на производството. Нова целосно автоматизирана опрема, со далеку поголем капацитет и перформанси, е инсталирана во Билкарство, а вакво осовременување е воведено и во Козметика.

Во функција на врвниот квалитет на финалниот производ, значајни инвестициони фондови се алоцирани и во процесот на контрола и обезбедување на квалитетот на лековите: во најсовремена микробиолошка лабораторија вредна 1, 2 милиони евра и уште 500 000 евра за новата хемиска лабораторија.

In 2004 the oldest production plant of Alkaloid was relocated from its location in the Avtokomanda area to the new plant in Gjorche Petrov, which ensured higher quality of the production with its higher standards and more sophisticated equipment. New, entirely automated equipment, with much higher capacity and performances was installed in the Botanicals section, and similar upgrading was introduced in the Cosmetics segment as well.

For the purpose of achieving top quality of the final product, significant investment funds were allocated to the process of quality control and quality assurance of the drugs: in the most sophisticated microbiological laboratory worth 1,2 million euro, and additional 500.000 euro were allocated to the new chemical laboratory.



**Во 2005 година е отворена новата подружница на Алкалоид во Охајо, САД со која Компанијата ја потврди својата определба за освојување нови пазари.**

**In 2005 a new subsidiary of Alkaloid was opened in Ohio, USA, whereby the company asserted its determination to conquer new markets.**

Со заокружувањето на инвестицискиот циклус е обезбедено целокупниот производствен процес, од влезот на суровината во фабриката до излезот на финалниот производ, да се одвива согласно највисоките европски стандарди за производство на лекови. Тоа е верификувано и од страна на неколку инспекциски служби од земјите на ЕУ, како и од американската мултинационална компанија Фајзер, за која веќе со децении Алкалоид е партнер од избор. Алкалоид се здоби и со првиот ДПП сертификат за сообразност, од страна на Дирекцијата за храна и за лекови на Кралството Јордан, за цврстите дозни форми и полусинтетските цефалоспорини од портфолиото на ПЦ Фармација, изготвен според водечките линии на земјите од арапскиот свет.

Во 2005 година е отворена новата подружница на Алкалоид во Охајо, САД со која Компанијата ја потврди својата определба за освојување нови пазари.

Развојната стратегија на Алкалоид АД - Скопје е насочена на главната дејност на Компанијата, фармацијата и дејностите кои се сродни со неа, согласно која Алкалоид го отуѓи профитниот центар Премази, кој продолжи да функционира како посебен деловен ентитет.

By completion of this investment cycle, the entire manufacturing process - from the entry of the raw material in the factory all the way to the output of final product - took place in compliance with the highest European standards for drugs production. This was verified by several foreign inspection services from EU countries and from the American multinational company Pfizer for which Alkaloid has been a partner of choice for decades. Alkaloid received its first GMP certificate of conformity from the Food and Drugs Directorate of the Kingdom of Jordan for its solid dosage forms and semi-synthetic cephalosporines from the PC Pharmaceuticals portfolio, in compliance with the guidelines of the countries in the Arab world.

In 2005 a new subsidiary of Alkaloid was opened in Ohio, USA, whereby the company asserted its determination to conquer new markets.

The development strategy of Alkaloid AD Skopje was directed towards the main business activity of the company, i.e. Pharmaceuticals, as well as its complementary activities. This was the reason why Alkaloid detached the profit center Coatings, which continued functioning as a separate business entity.



Фондација

# ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ

“TRAJCHE MUKAETOV” FOUNDATION

На 9. мај 2007 година, Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје донесе одлука за основање на **Фондацијата „Трајче Мукаетов”**. Основач на Фондацијата е Алкалоид АД - Скопје и истата има за цел стипендирање талентирани студенти по медицина и по фармација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, како и финансирање проекти од областа на медицината, фармацијата и науката воопшто.

The **“Trajche Mukaetov” Foundation** was established on 9th May 2007 by a decision passed by the Management Board of Alkaloid AD Skopje. Alkaloid AD Skopje is the founder of this Foundation, aimed at granting scholarships to talented students of medicine and pharmacy at “Sts Cyril and Methodius University” in Skopje, as well as providing funds for projects in the field of medicine, pharmacy and science in general.



Фондацијата е основана во чест на Трајче Мукаетов, долгогодишен генерален директор и претседател на Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје, од кого, со голема тага, се простивме на 29. март 2007 година.

The Foundation was established in the honor of Trajche Mukaetov, a long-standing Executive and President of the Management Board of Alkaloid AD Skopje, from whom we separated with great sorrow on 29th March 2007.

Трајче Мукаетов на чело на Алкалоид АД - Скопје, застана во 1985. година, а главното одбележје во неговиот мандат е интензивирањето на растот и на развојот на Компанијата во водечка фармацевтска компанија во регионот. Во контекст на посветеноста на перманентниот развој, овој голем стратег и визионер, сметаше дека важен параметар е зголеменото ниво на инвестирање во научни, истражувачки и во развојни активности, вложувања кои се неопходни за посакуваниот просперитет.

Инвестициите во фабричките капацитети и во производните процеси, дефинирањето на деловната стратегија и на долгорочната политика за развој на Компанијата, беа едни од неговите огромни придонеси во развојот и во афирмацијата на Алкалоид во сите сфери на дејствување.

Неговата харизма, визионерството и огромните напори претставуваа голем придонес за македонската економија. За своите достигнувања, Трајче Мукаетов имаше добиено бројни признанија. Тој беше член на управни одбори на бројни еминентни организации во областа на здравството, фармацијата и спортовите. Во 1993 ја доби наградата Менаџер на деценијата на Република Македонија.

As of 1985, Trajche Mukaetov took the helm of Alkaloid AD Skopje. The intensification of the growth and the development of the company into a leading pharmaceutical industry in the region was the main feature of his managing mandate. In the context of the dedication to permanent development, as a true strategist and visionary, T. Mukaetov considered that a major parameter was the increased level of investments in scientific, research and development activities, representing a necessity for the desired prosperity.

The investments in the factory facilities and production processes, the defining of the business strategy and the long-term policy for the development of the Company were some of his huge contributions to the development and affirmation of Alkaloid in all spheres of its operation.

His charisma, vision and immense efforts greatly contributed to the Macedonian economy. Trajche Mukaetov was awarded many recognitions for his achievements. He was a member of the managing boards of various prominent organizations in the field of healthcare, pharmacy and sports. In 1993 he was awarded for Manager of the Decade in the Republic of Macedonia.

Фондација
ТРАЈЧЕ
МУКАЕТОВ



Неговата биографија несомнено беше основната причина за доделување на титулата Генерален конзул на Кралството Данска во Македонија, чест и доверба кои се доверуваат само на исклучителни личности. Во сферата на дипломатијата тој вложуваше огромни напори во интензивирањето на соработката помеѓу Македонија и Кралството Данска. Неговите заслуги во оваа сфера беа наградени со медалот Витез на редот на данското знаме, кој го доделува кралицата Маргарета II од Данска, за исклучителни достигнувања.

За вработените на Алкалоид тој беше пример на пожртвуваност, делотворност, совесност и чесност, и ќе остане во сеќавањата како личност со висок професионализам и подготвеност за несебична поддршка за своите колеги и за сите вработени во Алкалоид.

Трајче Мукаетов искрено ја сакаше својата земја, Алкалоид и своето семејство. Ни беше особено задоволство и огромна чест да бидеме негови соработници.

Целта на основањето на Фондација „Трајче Мукаетов" е поддржување проекти од сферата на фармацијата, медицината и науката, пред сè поддржување на младите, амбициозни кадри, кои својата кариера ја посветиле на овие дејности.

Почнувајќи од учебната 2007/08 година, до денес Фондацијата „Трајче Мукаетов" имаше вкупно 144 стипендисти по фармација и по медицина од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Во интрес на регуларноста, транспарентноста и вистинскиот избор на стипендистите, Фондацијата, согласно својот статут, објавува Јавен конкурс во медиумите.

His biography was undoubtedly the main reason for being granted the title General Consul of the Kingdom of Denmark in the Republic of Macedonia, an honor and trust bestowed only on extraordinary persons.

In the sphere of diplomacy, he invested great efforts in the intensification of the cooperation between Macedonia and the Kingdom of Denmark. His merits in this sphere were acknowledged with the medal Knight of the Order of the Danish Flag, granted by Queen Margrethe II of Denmark for exceptional achievements.

For the employees of Alkaloid, he was an example of sacrifice, diligence, conscientiousness and honesty and shall remain in their memory as a man of high professionalism and preparedness to selflessly support his colleagues and all employees of Alkaloid.

Trajche Mukaetov loved dearly his country, Alkaloid and his family. It was our immense pleasure and great honor to have been his co-workers.

The aim of the "Trajche Mukaetov" Foundation is supporting projects in the field of pharmacy, medicine and science, by primarily supporting young and ambitious students who have devoted their career to these areas.

Starting from the academic year 2007/08 up to day the "Trajche Mukaetov" Foundation granted scholarships to a total of 144 scholarship recipients who were students of medicine and pharmacy at "Sts Cyril and Methodius University" in Skopje.

In order to maintain the legitimacy and transparency as well as to make the right choice of scholarship recipients, the Foundation issues a public open competition in the media in compliance with its Statute.

## Досегашните проекти претставуваат доказ за остварување на заложбите на Фондацијата за поддршка на фармацијата, медицината и науката

## The projects completed so far are testimonials for the accomplishments and the commitments of the Foundation to support pharmacy, medicine and science



Основачот на Фондацијата во ниту еден момент не се меша во изборот и во работата на Стручната комисија која го прави изборот на студенти за стипендирање. Притоа, членовите на комисијата, во чиј состав има претставници на Фондацијата, претставници на двата факултета, Фармацевтскиот и Медицинскиот, и на студентите врз основа на дефинирани и јавно објавени критериуми, го прават изборот по максимално регуларни и транспарентни постапки.

Стипендиите изнесуваат по 6500 денари (105,7 евра) месечно, во текот на целата календарска година. Фондацијата има строго утврдена постапка за информирање на сите апликанти за стипендијата, а финалната селекција се објавува во печатените медиуми.

Согласно развојната стретегија и потребите за кадровско доекипирање, Алкалоид АД - Скопје до сега, вработи единаесет дипломирани стипендисти на Фондацијата, во одделите за истражување и развој, и контрола на квалитетот на лековите. Ваквата политика на Компанијата ќе продолжи и во иднина.

Почнувајќи од 2010. година, Фондацијата воведе доделување еднократна парична награда, во висина од 1000 евра во денарска противвредност, за првенците на генерацијата на Медицинскиот и на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

Досегашните проекти претставуваат доказ за остварување на заложбите на Фондацијата за поддршка на фармацијата, медицината и науката, пред сè преку поддржување на младите, амбициозни кадри, кои својата кариера ја посветиле на овие дејности.

The founder of this Foundation does not interfere at all in the selection process and the work of the expert committee that makes the selection of prospective scholarship recipients. In this process, the scholarship allocation committee, which includes representatives of the Foundation, representatives of the Faculties of Medicine and Pharmacy, as well as representatives of the students, makes the selection based on clearly defined and publicly known criteria, in absolutely legitimate and transparent procedures.

The scholarship, amounting to 6.500 denars (105.7 euros), is granted for the duration of the entire calendar year. The Foundation has a strictly defined procedure for informing all the applicants about the scholarship, and the final selection of scholarship recipients is published in the printed media.

In accordance with the development strategy and the staff requirements, Alkaloid AD Skopje has hitherto employed eleven of the graduate Trajche Mukaetov Foundation scholarship recipients in the Research and Development Department and the Department for Quality Control in the Pharmaceuticals segment. This policy of the company is bound to continue in the future.

As of the year 2010, the Foundation introduced a one-off premium in the amount of €1,000 in MK denars countervalue to be awarded to the valedictorians of the generation at the Faculty of Pharmacy and Faculty of Medicine at "Sts Cyril and Methodius University" in Skopje.

The projects completed so far are testimonials for the accomplishments and the commitments of the Foundation to support pharmacy, medicine and science, by primarily supporting young and ambitious students who have devoted their career to these areas.


ALKALOID
As of 2 July 2007
ALKASAP
MHRA
ublic health
JK GMP 24602 Insp GMP 24602/39838-0004
icines and Healthcare products Regulatory Agency
CERTIFICATE OF GMP COMPLIANCE OF A MANUFACTURER
following an inspection in accordance with Art. 111(5) of Directive 2001/83/EC.
npetent authority of the United Kingdom confirms the following:
ALKALOID A.D. SKOPJE
BOULEVARD ALEKSANDAR MAKEDONSKI 12
SKOPJE
1000
MACEDONIA
THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF
gained during inspection of this manufacturer, the latest of which was conducted
considered that it complies with the principles and guidelines of Good
d down in Directive 2003/94/EC.
reflect the compliance status if more than three years have elapsed
which time the issuing authority should be consulted.
with the issuing authority.



# Timeline 2007

Временска рамка






## 50 ГОДИНИ КАФЕТИН

Во февруари 2007 година, Алкалоид одбележи 50 години од постоењето на својот најпознат бренд Кафетин, кој настан го одбележа пуштањето на неговата втора екстензија: Кафетин Менструал, препарат кој се користи при менструални болки и кој има повеќе предности во однос на препаратите кои се употребуваат за третман на менструални болки, како добра гастрична подносливост, брзо дејство и пред сѐ, ефикасност и безбедност при употребата.

## ФОНДАЦИЈА „ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ"

Во мај 2007 година, Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје донесе одлука за основање на Фондацијата „Трајче Мукаетов". Основач на Фондацијата е Алкалоид АД -Скопје и истата има за цел стипендирање на талентираните студенти по медицина и по фармација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, како и финансирање проекти од областа на медицината, фармацијата и науката воопшто.

## АЛКАЛОИД ОТВОРИ ПОДРУЖНИЦА И ВО ПОДГОРИЦА

Во мај 2007 година, официјално започна со работа дванаесеттата по ред подружница на Алкалоид АД - Скопје во Подгорица, Црна Гора. Позитивните трендови во деловната практика, пласман на ценовно пристапни и квалитетни лекови произведени во согласност со најстрогите светски стандарди, се главната одлика на Компанијата. Трендови, кои се практикуваат во единаесетте подружници на Алкалоид во Софија, Тирана, Белград, Загреб, Сараево, Љубљана, Приштина, Букурешт, Москва, Фрибург и во Охајо (САД), се пренесоа и на дванаесеттата по ред подружница на Алкалоид АД - Скопје во Подгорица, Црна Гора.

## 50 YEARS CAFFETIN

In February 2007, Alkaloid marked the 50th anniversary of its most famous brand, Caffetin. On this occasion, Alkaloid launched its second extension, Caffetin Menstrual, a preparation which is used to treat menstrual pain and which has several advantages compared to the other preparations used for the treatment of menstrual pain, such as having good gastric tolerability, fast-action and above all, being efficient and safe in its application.

## "TRAJCHE MUKAETOV" FOUNDATION

In May 2007, the Management Board of Alkaloid AD Skopje passed a decision to establish the "Trajche Mukaetov" Foundation. The founder of this Foundation is Alkaloid AD Skopje, and its objectives are awarding scholarships to talented students of medicine and pharmacy at Sts. Cyril and Methodius University in Skopje, as well as financing projects in the field of medicine, pharmacy and science in general.

## ALKALOID OPENED A SUBSIDIARY IN PODGORICA

In May 2007, the twelfth subsidiary of Alkaloid AD Skopje officially commenced its operations in Podgorica, Montenegro. The positive trends in the business practice and cost efficient drugs of high quality that are produced in accordance with the most strict world standards are the main features of the company. These trends, which had been practiced in the eleven subsidiaries of Alkaloid: in Sofia, Tirana, Belgrade, Zagreb, Sarajevo, Ljubljana, Prishtina, Bucharest, Moscow, Fribourg and Ohio (USA) were transferred to the twelfth subsidiary of Alkaloid AD Skopje in Podgorica, Montenegro.

Алкалоид е првата
македонска компанија која самостојно го
воведе САП, како матично ЕРП - решение

Alkaloid is the first Macedonian company that independently introduced SAP as its own ERP (Enterprise Resource Planning) solution

## САП - ИНФОРМАЦИСКИ ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ

На 2 јули 2007 година, Алкалоид АД - Скопје го пушти во употреба новиот САП - информациски систем за обработка и за следење на сите процеси и податоци, неопходни за непречено и за ефикасно работење на Компанијата. Станува збор за инвестиција во вредност од околу два милиона евра, кои Алкалоид ги обезбеди од сопствени извори.

Алкалоид е првата македонска компанија која самостојно го воведе САП, како матично ЕРП - решение, со кое беше подобрена ефикасноста во работењето; се постигна оптимизација и унификација на бизнис процесите; воведување нови функционалности и нови знаења; квалитативен скок во работењето и исполнување на GxP/FDA -стандардите, преку валидиран софтвер.

Проектот беше брендиран под сопствено име - АлкаСАП и опфаќаше шест модули на кои беа ангажирани околу 200 вработени од Алкалоид АД - Скопје, 16 од хрватската компанија б4б - специјализирана за имплементација на САП и 4 од англиската Compliance Control.

## SAP INTEGRATED INFORMATION SYSTEM

On 2 July 2007, Alkaloid AD Skopje launched its new SAP information system for processing and monitoring the overall processes and data that are necessary for the unobstructed and efficient operation of the Company. This was an investment worth approximately 2 million euros, which Alkaloid managed to provide from its own resources.

Alkaloid is the first Macedonian company that independently introduced SAP as its own ERP (Enterprise Resource Planning) solution, which contributed to higher efficiency in the operations. Optimization and unification of the business processes was also achieved, new functionalities were introduced and new knowledge was applied, a quality leap in the operation of the company occured, as well as the fulfillment of the GxP/FDA standards by means of validated software.

The project was branded under its own name - AlkaSAP and comprised six modules. Approximately 200 employees of Alkaloid AD Skopje, 16 employees of the Croatian company b4b - specialized for the implementation of SAP as well as 4 employees of the British Compliance Control worked on this project.



## АЛКАЛОИД И ХРВАТСКИОТ ИНСТИТУТ „РУЃЕР БОШКОВИЌ” ПОТПИШАА РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Во октомври 2007 година во Загреб, Република Хрватска, АЛКАЛОИД АД - Скопје и Институтот “Руѓер Бошковиќ” - потпишаа рамковен договор за соработка, кој опфаќа соработка во научно - истражувачки, развојно - истражувачки и во други проекти од заеднички интерес; стручна соработка во истражување и развој на нови фармацевтски производи и дијагностички постапки, со посебен акцент на развојот на антивирусни лекови и развојот на дијагностички постапки за рано откривање на наследните форми на карцином; консултантски активности за развој и за унапредување на производството и заеднички настапи, со цел ширење на научните достигнувања од областа на фармацијата, како и засилување на општественото влијание на струката.

Основата на Договорот е поттикнување на развојот на директната соработка за заеднички проекти во сите сфери на взаемен интерес, како и поврзување на академските научници и стопанствениците во неговата реализација.

## ALKALOID AND THE CROATIAN INSTITUTE “RUGJER BOSHKOVICH” SIGNED A FRAMEWORK AGREEMENT FOR COOPERATION

In October 2007 in Zagreb, Republic of Croatia, Alkaloid AD Skopje and the Croatian “Rugjer Boshkovich” Institute signed a framework agreement for cooperation that includes mutual aid in scientific research projects, developmental research projects and other projects of common interest; expert cooperation in the research and development of new pharmaceutical products and diagnostic procedures, with particular emphasis on the development of antiviral drugs and the development of diagnostic procedures for early detection of the hereditary forms of cancer; consultation activities for the development and advancement of the production process; joint presentations aimed at dissemination of the scientific advances in the field of pharmacy, as well as enhancement of its social impact.

The aim of this agreement is to encourage the development of close cooperation in joint projects in all spheres of mutual interest, as well as to involve both scientists and business people in their accomplishment.


Safeguarding public health

MHRA

Medicines and Healthcare products Regulatory Agency

CERTIFICATE OF GMP COMPLIANCE OF A MANUFACTURER

Part 1

ALKALOID A.D. SKOPJE

SKOPJE

1000

MACEDONIA

THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF

## ПЦ ФАРМАЦИЈА ДОБИ СЕРТИФИКАТ ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО БАРАЊАТА ЗА ДОБРА ПРОИЗВОДНА ПРАКТИКА ОД СТРАНА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЛЕКОВИ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Профитниот центар Фармација на Алкалоид АД - Скопје во текот на октомври 2007 година беше инспектиран од Агенцијата за лекови на Велика Британија, UK MHRA (Medicines and Healthcare products Regulatory Agency). Повод за инспекцијата беше апликацијата за регистрација на фармацевтски производи во Велика Британија од страна на Алкалоид АД - Скопје во 2005 година, за што, по опсежната евалуација од страна на MHRA, е донесена одлука за регистрација на истите.

По завршената инспекција, компетентниот авторитет во Обединетото Кралство, MHRA, ни издаде Сертификат за Усогласеност со барањата за Добра производна практика (Certificate of GMP Compliance of a Manufacturer).

Со ова, Алкалоид АД - Скопје се здоби со право за пласман на своите лекови не само на пазарот во Велика Британија туку, со оглед на високиот рејтинг на MHRA, и на пазарите во цела Европа и пошироко, со фармацевтски производи кои се највиско регулирана категорија на производи во светот.

## PC PHARMACEUTICALS RECEIVED A CERTIFICATE OF GMP COMPLIANCE FROM MHRA, UK

In October 2007 the Profit Centre Pharmaceuticals of Alkaloid AD Skopje was inspected by the Medicines and Healthcare products Regulatory Agency from the United Kingdom (MHRA). The reason for this inspection was the application for registration of pharmaceutical products in Great Britain submitted by Alkaloid AD Skopje in 2005. Following a process of extensive evaluation by MHRA, the registration of these products was approved.

Having completed the inspection, the competent authority in Great Britain, MHRA, issued the Certificate of GMP Compliance of a Manufacturer to Alkaloid AD Skopje.

Thus, the Company acquired the right to market its drugs not only in the United Kingdom, but bearing in mind the high rating of MHRA, Alkaloid AD Skopje became entitled to provide the markets throughout Europe and beyond with pharmaceutical products, which constitute the most rigorously regulated product category in the world.


детски крем
Becutan
neutral

# Timeline 2008

## Временска рамка

Во февруари 2008 година поставен е камен-темелникот на Институтот за развој и за контрола на квалитет.

In February 2008 the cornerstone of the Institute for Development and Quality Control was laid.




## ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ И ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Во февруари 2008 година поставен е камен-темелникот на Институтот за развој и контрола на квалитет. Капацитетот е планирано да биде високософистицирана технолошко-аналитичка единица, во која ќе се изведуваат активности кои се комплементарни со процесот на развој на генерички лекови и нивно воведување во индустриското производство, активности за постојано следење на квалитетот на лековите на Алкалоид, како и активности кои произлегуваат од законската обврска за следење на нивната стабилност.

## INSTITUTE FOR DEVELOPMENT AND QUALITY CONTROL

In February 2008 the cornerstone of the Institute for Development and Quality Control was laid. This facility is intended to be a highly-sophisticated technological and analytical unit. Several types of activities will be performed at the Institute for Development and Quality Control, such as: activities that are complementary to the process of development of generic drugs and their introduction into industrial production, activities for continual monitoring of the quality of Alkaloid's drugs, as well as activities that ensue from the legal obligation to monitor the stability of the drugs.



## ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

Во март 2008 година, Алкалоид АД и Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" склучија договор за соработка која ќе се остварува преку проекти и формирање фондови за истражување, користење на патентираните пронајдоци од Универзитетот, обезбедување донации и потребна опрема за научноистражувачката дејност, стипендирање студенти од страна на Алкалоид АД, како и користење на научноистражувачкиот потенцијал на Универзитетот за потребите Компанијата. Целта на соработката е развој и унапредување на научноистражувачката работа и следење развојни програми и научни достигнувања кои се од интерес за фармацевтската индустрија.

Взаемната соработка меѓу бизнисот и науката, практиката и теоријата, традицијата и искуството, заедно со практичните знаења и со младите сили ќе резултира со реализација на заеднички цели на академската и на бизнис заедницата, што пак е универзална форма за напредок.

## COOPERATION AGREEMENT WITH STS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY

In March 2008 Alkaloid AD and Sts. Cyril and Methodius University signed a cooperation agreement. This mutual cooperation will be accomplished by means of projects and establishment of research funds, application of the University patented inventions, providing donations and necessary equipment for scholarly and research activities, awarding scholarships to students by Alkaloid, as well as making use of the scholarly and research potential of the University to meet the needs of the company. This cooperation is aimed at the development and advancement of scholarly and research activities, as well as the monitoring of developmental programs and scientific achievements that are relevant for the pharmaceutical industry.

The mutual cooperation of business and science, practice and theory, tradition and experience, along with the practical knowledge and the young talents will result in the attainment of the shared goals of the academic and the business community, which is a universal form of progress.



## ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ВО ДОЈРАН

За целите на континуирана едукација, во април 2008 година беше пуштен во употреба комплетно реновираниот Едукативниот центар на Алкалоид во Дојран, капацитет од затворен тип кој ги исполнува највисоките стандарди за објекти од ваков тип. За таа цел, Компанијата вложи околу 450 000 евра.

## EDUCATIONAL CENTER IN DOJRAN

For the purposes of continuous education, in April 2008 the fully refurbished Educational Center of Alkaloid in Doyran was opened, which is a closed-type facility that fulfills the highest standards for a center of this type. To this end,

Алкалоид АД - Скопје потврди дека секогаш поддржувал и ќе поддржува проекти во кои верува

Alkaloid AD Skopje confirmed that it has always supported and will continue supporting projects it trusts in



## ДОНАЦИЈА ЗА "СТЕНВЕЈ" ПИЈАНОТО НА МАЕСТРО ТРПЧЕСКИ

Во април 2008 година, Алкалоид се најде на листата компании од Македонија кои ја поддржа иницијативата за купување концертно пијано од марката „Стенвеј" за маестро Симон Трпчески, еден од најголемите светски пијано виртуози, организирана од страна на г-ѓа Норун Виби, сопругата на тогашниот амбасадор на Кралството Норвешка во Република Македонија, неговата екселенција г. Карл С. Виби.

Со оваа донација Алкалоид АД - Скопје уште еднаш потврди дека секогаш поддржувал и ќе поддржува проекти во кои верува, а реализацијата на иницијативата, според маестро Трпчески, е историски потег во Македонија што може да биде инспирација за уште поголем поттик за културата и за уметниците.

the company invested over 450.000 euros.

## A DONATION FOR THE STEINWAY PIANO OF MAESTRO TRPCHESKI

In April 2008, Alkaloid was listed among the Macedonian companies that supported the initiative of Mrs. Norunn Wibye, wife of the Ambassador of the Kingdom of Norway to the Republic of Macedonia at the time, His Excellency Mr. Carl S.Wibye, for purchasing a Steinway concert piano for maestro Simon Trpcheski, who is one of the greatest piano virtuosos in the world.

With this donation, Alkaloid AD Skopje confirmed once again that it has always supported and will continue supporting projects it trusts in. According to maestro Trpcheski, the accomplishment of this initiative is a historic move for Macedonia, which could inspire even greater support for culture and for artists.



## 30 ГОДИНИ БЕКУТАН

Во јуни 2008 година, по проширувањето на Бекутан колекцијата со влажните марамчиња, по кои следуваа и 2 нови креми (детската витаминска крема и заштитниот крем со цинк оксид) и со воведувањето на новиот тип производи во портфолиото на Бекутан - детските пелени, беа одбележани 30 години од постоењето на оваа детска колекција.

Пуштена за првпат во далечната 1978, Бекутан колекцијата за хигиена и нега на детската кожа се состоела само од 5 производа. Во годината на тридеценискиот јубилеј, таа има 17 производа. Најбараниот од сите е Бекутан детскиот крем, со 40 милиони продадени пакувања. Сите Бекутан производи се клинички и дерматолошки тестирани, поддржани од Македонското здружение на педијатри.

## 30 YEARS BECUTAN

In June 2008, following the extension of the Becutan collection with wet wipes, we added two new creams to the Becutan portfolio (Becutan vitamin cream for children and Becutan protective cream with Zink oxide), as well as Becutan diapers, as a new type of product, launched to mark the 30th anniversary of this collection for children.

Launched back in 1978, the Becutan collection for children's skin hygiene and protection consisted of only 5 products. In the year of celebration of three decades of its existence, Becutan had 17 products in its portfolio. The most demanded product of the Becutan collection is the Becutan cream for children with over 40 million sold jars. All Becutan products are dermatologically and clinically tested and recommended by the Association of Pediatricians of the Republic of Macedonia.




## КОМПЛЕТИРАН РЕДИЗАЈНОТ НА ПАЛЕТАТА ЧАЕВИ GOOD NATURE

Во септември 2008 година, Алкалоид го комплетираше редизајнирањето на производите од брендот Good Nature. Со тоа, беше комплетиран и процесот на сегментација на палетата на домашни, овошни, органски и на традиционални чаеви во нова амбалажа. Во склад со светските трендови на враќање назад кон природата, во сегментот Билкарство, беа воведени 9 нови органски сертифицирани чаеви.

## НОВА ЕКСТЕНЗИЈА НА КАФЕТИН

Во ноември 2008 година, во промет е пуштена новата екстензија на брендот Кафетин, наменета за третирање на симптомите на настинка и на грип - Кафетин Колд со природен витамин Ц.

## COMPLETED REDESIGN OF THE RANGE OF GOOD NATURE TEAS

In September 2008, Alkaloid completed the redesign of the products of the Good Nature brand. Thus, Alkaloid finalized the process of segmentation of this product range into: domestic, fruit, organic and loose teas in a brand new packaging. In compliance with the global trend of going back to nature, the Botanicals segment introduced 9 new certified organic teas.

## NEW EXTENSION OF CAFFETIN

In November 2008, a new extension of the Caffetin brand was launched. It was intended for treating the symptoms of cold and flu, and was named Caffetin Cold with natural vitamin C.


GOOD NATURE
ORGANIC
DOG-ROSE HIPS & HIBISCUS TEA
GOOD NATURE
ORGANIC
LINDEN TEA
GOOD NATURE
ORGANIC
ST.JOHN'S WORT TEA
GOOD NATURE
ORGANIC
ELDER TEA
Becutan
High Protection Sun Milk
30
Waterproof
Becutan
After Sun Milk



# Timeline 2009
Временска рамка



## ФАН - ЗОНА НА АЛКАЛОИД ЗА ВРЕМЕ НА СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ

Алкалоид АД - Скопје, како општествено одговорна компанија, препознатлива по сестраната поддршка на хуманитарни, научни, спортски и на културни активности, во јануари 2009 година, во соработка со локалната администрација на градот Вараждин, организираше фан-зона со логото на својот бренд Good Nature. Во присуство на бројните навивачи од Македонија, Алкалоид сесрдно ја поддржа македонската ракометна репрезентација на патот кон извојувањето на успехот: високото 11. место на на ова првенство.

## ОТВОРЕН ИНСТИТУТОТ ЗА РАЗВОЈ И ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Институтот за развој и за контрола на квалитет официјално беше предаден во употреба на 11. март 2009 година.

Овој современ капацитет располага со 1540 метри квадратни корисна површина. Екипиран е со најсовремена лабораториска и пилот-производствена опрема која овозможува развивање на новите, современи форми на генерички лекови во кои ќе бидат имплементирани најновите научни сознанија од областа на фармацијата.

Во Институтот за развој и за контрола на квалитет се инвестирани околу девет милиони евра, а финансиската конструкција во најголем процент е обезбедена со сопствени средства на Алкалоид.

## ALKALOID FAN ZONE DURING THE WORLD HANDBALL CHAMPIONSHIP

Alkaloid AD, as a socially responsible company, recognizable for its support of various humanitarian activities, cultural, sports and scientific events, in January 2009, in cooperation with the local administration of the town of Varazhdin organized a fan zone branded with the logo of Good Nature. In the presence of numerous fans from Macedonia, Alkaloid wholeheartedly supported the Macedonian national handball team on their way to the achievement of their success – 11th place in this championship.

## THE INSTITUTE FOR DEVELOPMENT AND QUALITY CONTROL OPENED

The Institute for Development and Quality Control was officially launched on 11 March 2009.

This modern facility covers a surface of 1540 square metres. It is equipped with cutting-edge laboratory and pilot manufacturing equipment that enables the development of new, modern, forms of generic drugs implementing the latest advances in the field of pharmaceuticals.

Around 9 million euros have been invested in the Institute for Development and Quality Control, while the necessary funds were provided mostly from Alkaloid's own resources.



Формирањето на Институтот претставува додадена вредност на лековите од аспект на развој и воведување нови технологии и методи, одржување на квалитетот, постојано подобрување и задоволување на најстрогите референтни барања на европските и американските регулаторни органи.

Оваа нова технолошко - аналитичка единица е поддржана со современа лабораториска и со пилот производна опрема од реномирани американски, англиски, германски и од јапонски производители, а имплементирани се најсовремени инструментални техники и технологии. Просторот во кој се одвива технолошкиот развој е изведен и докажан во класа на чистота ИСО 8.

Во Институтот ќе се изведуваат активности кои го следат процесот на развој на генерички лекови и нивно воведување во индустриско производство, активности за постојано следење на квалитетот на лековите на пазарот како и активности кои произлегуваат од законската обврска за следење на стабилноста на лековите до истекот на рокот на траење. На овој начин се обезбедува не само одговор на сѐ построгите барања од регулаторните органи, туку и развивање производи во кои ќе бидат имплементирани најновите сознанија од полето на фармацијата.

Со формирањето на Институтот, Алкалоид АД направи исчекор со кој ја потврди својата определба за следење на современите барања кои го детерминираат квалитетот на лекот, неговата ефикасност и безбедност.

The establishment of the Institute is actually an added value to the drugs in terms of development and introduction of new technologies and methods, maintenance of the quality, continuous improvement and meeting the most strict requirements of the European and American regulatory bodies.

This new technological and analytical unit is supported by state-of-the-art laboratory and pilot manufacturing equipment from prominent American, English, German and Japanese manufacturers, and most modern instrumental techniques and technologies implemented. The area where the technological development takes place has been furnished and verified in compliance with the cleanliness class ISO 8.

Several types of activities will be performed at the Institute, such as: activities that are complementary to the process of development of generic drugs and their introduction into industrial production, activities for continual monitoring of the quality of the marketed drugs, as well as activities that ensue from the legal obligation to monitor the stability of the drugs until their expiry date. Thus, on one hand, the increasingly strict requirements of the regulatory bodies are met, but on the other hand, the development of products that demonstrate the implementation of the latest advances in the field of pharmaceuticals are ensured as well.

By opening the Institute for Development and Quality Control, Alkaloid AD made a leap forward, whereby it confirmed its commitment to keep pace with the modern requirements that determine the quality, safety and efficiency of the drugs.




## НОВА ПОДРУЖНИЦА ВО УКРАИНА

Во март 2009 година, официјално започна да функционира новата подружница на Алкалоид во Киев, Украина.

## КРИСТАЛНО ЅВОНО ОД МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во април 2009 година Македонската берза за хартии од вредност АД - Скопје, на Алкалоид му ја додели наградата Кристално ѕвоно за најтранспарентно котирано акционерско друштво во 2008 година. Транспарентноста во операциите на котираните компании, навременото објавување на ценовно-чувствителните информации преку електронскиот систем за известување на Берзата играат огромна улога во формирањето на општиот имиџ на пазарот на капитал, интересот на медиумите за работата на котираните друштва, а со тоа и зголемување на интересот на инвеститорите.

## ДОГОВОР ЗА ПАРТНЕРСТВО СО NIPRO EUROPE NV

Во април 2009 година, Алкалоид потпиша Договор за партнерство со реномираниот светски производител на дијализери и на потрошен материјал за хемодијализа, NIPRO Corporation од Осака, Јапонија. Партнерството меѓу Алкалоид АД и NIPRO Europe NV има за цел преку заеднички настап на пазарите во регионот и пошироко, во сегментот на хемодијализата, да обезбеди значаен исчекор во вкупното работење, при што под брендот на NIPRO ќе се пласираат и растворите за хемодијализа од производната палета на Алкалоид.

## NEW SUBSIDIARY IN UKRAINE

In March 2009, the new subsidiary of Alkaloid in Kiev, Ukraine officially started operating.

## CRYSTAL BELL FROM THE MACEDONIAN STOCK EXCHANGE

In April 2009 Alkaloid was granted the Crystal Bell Award by the Macedonian Stock Exchange for being the most transparently quoted company in the year 2008. The transparency in the operations of the quoted companies, the timely disclosure of price-sensitive information via the electronic reporting system of the Stock Exchange play a relevant role in shaping the overall image of the capital market, the interest of the media about the work of quoted companies that shall further on stimulate the interest of the investors.

## PARTNERSHIP AGREEMENT WITH NIPRO EUROPE NV

In April 2009, Alkaloid signed a Partnership agreement with the renowned world manufacturer of dialysers and consumable material for hemodialysis, NIPRO Corporation from Osaka, Japan. Through joint performance in the segment of hemodialysis on the markets in the region and beyond, the partnership between Alkaloid AD and NIPRO Europe NV seeks to provide a significant step forward in the overall operations, including the fact that the hemodialysis solutions from the production range of Alkaloid will be marketed under the NIPRO brand.

## НОВИ ЧЛЕНОВИ ВО СЕМЕЈСТВОТО БЕКУТАН

Во мај 2009 година, Алкалоид, во рамките на своето портфолио Бекутан, ја воведе новата колекција на средства за заштита од сонце на детската кожа. Во соработка со дерматолозите и педијатрите, Алкалоид неколку години работеше на развојот на оваа колекција, чиишто производи се изработени на база на маслиново масло, камилица, витамин Е и минерални филтри.

## СЕРТИФИКАТ ЗА ДПП СООБРАЗНОСТ ЗА НЕСТЕРИЛНИ ТЕЧНИ ДОЗНИ ФОРМИ ЗА ОРАЛНА И ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА

Во рамките на Европската сертификација за Добра производна практика (GMP-Good Manufacturing Practice), Агенцијата за лекови и медицински помагала на Република Словенија, по опсежна анализа на капацитетите, во јуни 2009 година издаде сертификат за сообразност на Алкалоид АД Скопје за не-стерилни течни дозни форми за орална и за надворешна употреба.

Со овој сертификат Алкалоид се здоби со правото да ги пласира своите производи не само во Словенија туку и на пазарите на тогашните 27 земји на ЕУ и три земји на ЕЕЗ.

## NEW MEMBERS TO THE BECUTAN FAMILY

In May 2009, Alkaloid introduced a new collection of products within its Becutan portfolio intended for protection of the children's skin from the sun. In cooperation with the dermatologists and pediatricians, Alkaloid worked for several years on the development of this collection, the products of which are based on olive oil, chamomile, Vitamin E and mineral filters.

## CERTIFICATE OF GMP COMPLIANCE FOR NON-STERILE LIQUID DOSAGE FORMS FOR ORAL AND TOPICAL USE

Within the framework of the European Certification for Good Manufacturing Practice, the Agency for Drugs and Medical Devices of the Republic of Slovenia (JAZMP), following an extensive analysis of the facilities, in June 2009 issued a Certificate of GMP Compliance to Alkaloid AD Skopje for non-sterile liquid dosage forms for oral and topical use.

By means of this Certificate, Alkaloid AD Skopje acquired the right to market its products not only in Slovenia, but also on the markets in all 27 EU member countries and 3 EEC countries.


АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИЧКА
ТЕХНОЛОГИЈА
витамин
Ц
100% природен
30 таблети
АЦЕРОЛА
за деца
АЛКАЛОИД
50 mg таблети за
витамин
Ц
100% природен
30 таблети
АЦЕРОЛА
за деца
АЛКАЛОИД®



# Timeline
# 2010
## Временска рамка

## АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД ТАБЛЕТИ ЗА ЏВАКАЊЕ СО ПРИРОДЕН ВИТАМИН Ц

Во февруари 2010 година, Алкалоид ја прошири својата палета на ОТЦ - препарати со ацерола - природен витамин Ц во облик на таблети за џвакање АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД® од 50 mg, 180 mg и од 500 mg, наменети за сите возрасти.

## ACEROLA ALKALOID CHEWABLE TABLETS WITH NATURAL VITAMIN C

In February 2010, Alkaloid extended its range of OTC preparations with acerola – natural vitamin C in the form chewable tablets ACEROLA ALKALOID ® of 50 mg, 180 mg и 500 mg, intended for all ages.

## ПЛАКЕТА ЗА НАЈБЕЗБЕДЕН РАБОТОДАВАЧ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Во рамките на одбележување на светскиот ден за заштита при работа, во април 2010 година, Македонското здружение за заштита при работа му додели на Алкалоид плакета за најбезбеден работодавач во Република Македонија за 2009 година. Ова признание претставува обврска за Компанијата да продолжи да ја почитува максимата дека безбедноста при работата е едно од фундаменталните човечки права и да ја држи безбедноста на вработените на највисоко можно ниво.

## AWARD FOR THE MOST SAFE EMPLOYER INTHE REPUBLIC OF MACEDONIA IN 2009

Within the framework of the events marking the World Day for Safety at Work, in April 2010 the Macedonian Association for Safety at Work awarded Alkaloid a plaque for being the safest employer in the Republic of Macedonia for the year 2009. This recognition is at the same time an obligation for the company to continue to observe the maxim that safety at work is one of the fundamental human rights and to maintain the employees' safety at the highest level possible.

## ЦЕ - СЕРТИФИКАТ ЗА РАСТВОРИ ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗА И ЗА РЕНДГЕН ФИЛМ

По инспекцијата извршена од страна на реномираната агенција KEMA Quality BV, член на групацијата Dekra од Холандија, во мај 2010 година Алкалоид АД - Скопје се стекна со сертификат за ЦЕ - сообразност за производството на концентрирани раствори за хемодијализа.

ЦЕ - сертификатот потврдува дека производите се во согласност со барањата на Европските директиви (Annex 3, 5 of the MDD 93/42/ECC and amendment 2007/47/EC) кои се гаранција за безбедност, квалитет и за ефикасност на медицинските помагала.

## CE CERTIFICATE FOR HEMODIALYSIS SOLUTIONS AND X-RAY FILMS

Following the inspection conducted by the renowned agency KEMA Quality BV, member of DEKRA Group from Netherlands, in May 2010 a CE Certificate (CE MARKING OF CONFORMITY) was issued to Alkaloid AD Skopje for the production of concentrated hemodialysis solutions.

This CE certificate verifies that the products are in compliance with the European Directives (Annex 3, 5, of the MDD 93/42/ECC and Amendment 2007/47/EC), which guarantee the safety, quality and efficiency of the medical devices.







## НАГРАДА ЗА ЕВРОПСКИ ПРИДОНЕС ЗА 2009 ГОДИНА

На свечената академија која се одржа на 9. мај 2010 година, по повод одбележувањето на Денот на Европа и 60 - годишнината од Шумановата декларација, на генералниот директор и претседател на Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје, г. Живко Мукаетов му беше врачена наградата за Европски придонес за 2009 година, за посебни заслуги за промовирање на Република Македонија, нејзината економија и култура во Европа, како и за промовирање на европските идеи и вредности, доделена од страна на Европското движење на Република Македонија.

## AWARD FOR EUROPEAN CONTRIBUTION FOR THE YEAR 2009

At the solemn academy held on 9 May 2010, on the occasion of the European day and the 60th anniversary of the Schumann declaration, the CEO and President of the Management Board of Alkaloid AD – Skopje, Mr. Zhivko Mukaetov was granted an award for European contribution for the year 2009 by the European Movement in the Republic of Macedonia for his special contribution in the promotion of the Republic of Macedonia, its economy and culture in Europe, as well as for the promotion of the European ideas and values.

## ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА „ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ“

Во јуни 2010 година, почна со работа новиот, комплетно реновиран Центар за информатичка технологија на Алкалоид АД - Скопје „Трајче Мукаетов“ изведен во согласност со највисоките стандарди за овој тип објекти. Инвестицијата за овој центар чинеше близу 550 000 евра. Согласно одлуката на Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје, именуван е по големиот стратег и визионер, Трајче Мукаетов, дипл.електроинженер, кој својата кариера во Алкалоид ја започна во 1973 година, формирајќи го Електронскиот центар на Компанијата во 1974 година.

## INFORMATION TECHNOLOGY CENTER “TRAJCHE MUKAETOV“

In June 2010, the new and completely refurbished Information Technology Center of Alkaloid AD – Skopje named „Trajche Mukaetov“ started with its operations. It was built in compliance with the most strict standards for this type of facilities. The investment for this center was worth nearly 550.000 euros. In accordance with the decision by the Management Board of Alkaloid AD – Skopje, it was named after Trajche Mukaetov, a man of great strategy and vision, a B.Sc. in Electrical Engineering, who started his career in Alkaloid in 1973 by establishing the information center of the company in 1974.

По скоро 10 месеци поминати во интензивни подготовки, Алкалоид д.о.о. Белград стартуваше со производни активности врзани со широк спектар на фармакотерапевтски групи

After almost 10 months of intensive preparations, Alkaloid Ltd. Belgrade initiated its production activities related to a wide range of pharmaco-therapeutic groups

## ПРВ ПРОИЗВОДЕН КАПАЦИТЕТ НА АЛКАЛОИД НАДВОР ОД МАКЕДОНИЈА

Во септември 2010 година, Министерството за здравје на Република Србија му додели на Алкалоид д.о.о. Белград дозвола за производство. По скоро 10 месеци поминати во интензивни подготовки, Алкалоид д.о.о. Белград стартуваше со производни активности врзани со широк спектар на фармакотерапевтски групи и тоа: антиинфективни лекови, лекови за третман на кардиоваскуларниот систем, нервниот систем, како и лекови за третман на гастроинтестиналниот тракт што се вкупно 34 фармацевтски производи изработени по строгите стандарди за добра производна практика (GMP). Можностите на производниот капацитет се 23 милиони блистери годишно или околу 10 милиони кутии готов производ подготвени за пласман на соодветниот пазар. Капацитетите се простираат на површина од 916 м2, а вредноста на оваа инвестиција е околу 750 000 евра, со план за натамошно проширување и надградување.

## FIRST PRODUCTION FACILITY OF ALKALOID ABROAD

Alkaloid Ltd. Belgrade received the license for production from the Ministry of Health of the Republic of Serbia in September 2010. After almost 10 months of intensive preparations, Alkaloid Ltd. Belgrade initiated its production activities related to a wide range of pharmaco-therapeutic groups: anti-infective drugs, drugs for the treatment of the cardiovascular system and central nervous system, as well as drugs for the treatment of the gastrointestinal tract, reaching a total of 34 pharmaceutical products made in compliance with the rigorous standards of Good Manufacturing Practice (GMP).  The production facility has the capacity of nearly 23 million blister-packaging at an annual level or around 10 million boxes of finished products ready to be placed on the particular market. The facility covers an area of 916 m2 it is, an investment worth around 750,000 euros. Its further expansion and upgrading is envisaged as well.




## ПРИЗНАНИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА АЛКАЛОИД АД - СКОПЈЕ

Концептот на општествена одговорност, кој е составен дел на бизнис - стратегиите и дејствувањето на Алкалоид АД - Скопје во сите сегменти од работењето, е потврден и со национални награди и признанија за најдобри општествени практики, што во рамките на проектот: „Општествената одговорност на претпријатијата во Република Македонија", го спроведе Министерството за економија. Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата, на Алкалоид АД – Скопје, во октомври 2010 година, му ја додели Националната награда за етичко управување за 2009 година, за проектот: „Код на етичко и на бизнис однесување", а со признанија беа верифицирани и проектот „Менаџмент со човечки ресурси 2009 - 2011" во категоријата - Однос со вработените, како и за проектот „Политика за општествена одговорност на Алкалоид АД - Симбиоза за поздрав живот и иднина" во категоријата вложување во заедницата.

## „FAIR WILD STANDARD VERSION 2" ЗА GOOD NATURE

По инспектирањето извршено од страна на IMO - Institute for Marketecology од Швајцарија, единственото инспекциско тело овластено за овој вид сертификација, во октомври 2010 година, на чаевите од програмата Билкарство на Алкалоид АД им е доделен „Fair Wild" сертификатот, кој потврдува дека производите од групата чаеви се во согласност со барањата на принципите на фер тргување (Fair Trade), Интернационалните стандарди за работа (ILO - International labour standards) и Интернационалните стандарди за одржливо собирање на диворастечките медицински и ароматични растенија (ISSC - MAP - International Standards for Sustainable Wild collection of medicinal and aromatic plants) кои се гаранција за безбедност, квалитет и ефикасност на произведените чаеви.

## SOCIAL RESPONSIBILITY RECOGNITIONS FOR ALKALOID AD – SKOPJE

The concept of social responsibility, which is an integral part of the business strategies and operations of Alkaloid AD – Skopje and which is incorporated in all segments of its operations, has been confirmed with awards and recognitions for best social practices won on national level. These awards were presented to Alkaloid AD – Skopje within the framework of the project entitled Corporate Social Responsibility in the Republic of Macedonia, which was conducted by the Ministry of Economy. In October 2010 the coordination body for corporate social responsibility has presented the National Award for Ethical Management for the year 2009 to Alkaloid AD – Skopje for the project: Code of Ethical and Business Conduct. Two other projects were verified with the recognition they received – Human Resources Management 2009-2011 in the Relationship with the Employees category and the Social Responsibility Policy of Alkaloid AD-Skopje – Symbiosis for Healthier Life and Future in the Investment in the Community category.

## „FAIR WILD STANDARD VERSION 2" FOR GOOD NATURE

Following the inspection conducted by IMO – Institute for Marketecology from Switzerland, the only inspection body accredited for this kind of certification, in October 2010 the teas from the Botanicals program of Alkaloid AD were granted a Fair Wild Certificate, which ensures that these herbal products are in compliance with the requirements set forth in the Fair Trade principles, ILO - International Labour Standards and the ISSC-MAP – International Standards for Sustainable Wild Collection of Medicinal and Aromatic Plants, which guarantee the safety, quality and efficiency of the teas produced.




## КАФЕТИН КОЛД МАКС

Во декември 2010 година, Алкалоид АД ја промовираше новата екстензија на својот најпознат бренд Кафетин под името Caffetin COLDmax®, популарните сашети или вреќички со прашок наменет за ублажување на симптомите на настинка и грип. Овој приозвод е трет во редот на препарати наменети за третирање на овие индикации, и првата нетаблетарна форма во ова портфолио. Првиот, Кафетин Колд беше воведен во 2005 година. Следеше Кафетин Колд со природен витамин Ц во 2007 година. Кафетин Колд макс содржи висока доза парацетамол и е наменет за оние кои преферираат да ги третираат симптомите на настинка и на грип со топли напивки. Алкалоид, во соработка со специјализирана компанија од Австрија, 3 години работеше на развојот на овој производ.

## CAFFETIN COLDMAX

In December 2010 Alkaloid AD Skopje launched a new extension of its most famous brand Caffetin, named Caffetin COLDmax, available in the popular sachets, or bags with powder for oral solution, intended for alleviating the symptoms of cold and flu. This product is the third in the line of preparations aimed at treating these indications, and the first non-tablet form in this portfolio. The first one, Caffetin Cold was launched on the market in 2005. It was followed by Caffetin Cold with natural vitamin C in 2007. Caffetin COLDmax contains a high dose of paracetamol and is intended for those who prefer to treat the symptoms of cold and flu with hot drinks. In cooperation with a company from Austria, Alkaloid worked on the development of this product for three years.

## НОВО ДРУШТВО ВО СЛОВЕНИЈА

Во декември 2010 година, регистрирано е ново друштво во Љубљана, Република Словенија, Алкалоид - Фарм д.о.о. Љубљана кое е во комплетна сопственост на Алкалоид АД - Скопје. Главна дејност на ова ново друштво се локалните деловни операции на словенечкиот пазар. Досегашното регистрирано друштво во Љубљана се ребрендираше во Алкалоид - ИНТ д.о.о. со главен фокус кон дистрибуцијата на Алкалоидовите производи на ЕУ - пазарите. Со ова Алкалоид АД - Скопје ги продолжува активностите кон зајакнување на извозните позиции на Компанијата како главна стратешка определба.

## A NEW SUBSIDIARY IN SLOVENIA

In December 2010 a new subsidiary was registered in Ljubljana, Republic of Slovenia under the name of Alkaloid-Pharm Ltd. Ljubljana, which is in complete ownership of Alkaloid AD Skopje. The main activities of this subsidiary comprise the local business operations on the Slovenian market. The previously registered subsidiary in Ljubljana has been re-branded as Alkaloid INT Ltd, with its main focus on the distribution of Alkaloid's products on the EU markets. Thus, Alkaloid AD – Skopje continued its activities aimed at strengthening the company's export positions, as its major strategic commitment.


AESGP
ASSOCIATION OF THE EUROP
SELF-MEDICATION INDUST
ARBONNE
essentials
HERBAL DETOX TEA
Caffeine-free
DIETARY SUPPLEMENT
20 tea bags – 0.07 oz./2
Net wt. 1.4 oz./40 g



# Timeline 2011
# Временска рамка

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ALKASAP ВО АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ - СКОПЈЕ

Во јануари 2011 година Алкалоид КОНС дооел - Скопје, фирма-ќерка на Алкалоид АД - Скопје, започна да работи во најсовремениот податочен информациски систем SAP, светски лидер во ERP - системите (Enterprise Resourse Planning). Алкалоид АД - Скопје беше единствената македонска компанија која извршила RollOut во свој поврзан субјект на SAP ERP како најдобро и најкомплексно светско решение за интегриран систем за управување со податоците. Имплементирањето го изврши проектен тим кој се состоеше од 40 експерти од различни области вработени во Алкалоид КОНС, Алкалоид АД и хрватската софтверска компанија „b4b".

## ROLLOUT OF ALKASAP IN ALKALOID CONS LTD. SKOPJE

In January 2011 Alkaloid CONS Ltd. Skopje, a daughter company of Alkaloid AD Skopje commenced operating in the cutting-edge SAP data information system, the world leader in ERP (Enterprise Resource Planning) systems.  This implementation makes Alkaloid AD Skopje the only Macedonian company to have conducted a RollOut of SAP/ERP as the best and most complex solution for integrated data management system. The implementation was carried out by a project team consisting of 40 experts in diverse areas, employees of Alkaloid CONS, Alkaloid AD and the Croatian software company b4b.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ BC/DR

Во февруари 2011 година, Алкалоид изврши имплементација на стратешкиот проект за Деловен континуитет/реставрирање во случај на незгоди (BC/DR: Business Continuity/Disaster Recovery) во сегментот на информатичка технологија и телекомуникации. Целта на проектот е да овозможи заштита на податоците (архивирање и реставрирање) за непречено функционирање на бизнис - процесите во случај на катастрофа, оштетување, уништување на дел или на комплетната опрема за информатичка технологија од примарната локација. Во имплементирањето на проектот Алкалоид АД - Скопје вклучи македонски и странски партнери за специфичните сервиси и решенија од информатичката бранша.

## IMPLEMENTATION OF THE BC/DR PROJECT

In February 2011 Alkaloid implemented the strategic BC/DR (Business Continuity/Disaster Recovery) project in the Information Technology & Telecommunications segment. The aim of this project is ensuring the protection of data (archiving and recovery) for the purpose of smooth functioning of the business operations in event of disasters, damage, destruction of part or the entire information technology equipment from its primary location. In the implementation of this project, Alkaloid AD Skopje involved both Macedonian and foreign partners for the specific IT services and solutions.

## АЛКАЛОИД СТАНА ЧЛЕН НА AESGP

Во февруари 2011 година, Алкалоид стана член на Асоцијацијата на европската индустрија за самомедикација (Association of the European Self-Medication Industry (AESGP), која е официјално тело за претставување на европските производители на ОТЦ лекови (лекови кои се издаваат без рецепт) и додатоци во исхраната.

## ALKALOID A MEMBER OF AESGP

In February 2011, Alkaloid became a member of the Association of the European Self-Medication Industry (AESGP) which is the official body representing the European manufacturers of OTC drugs (drugs that are issued without prescription) and food supplements.

## ДПП СЕРТИФИКАТ ЗА ПОГОНОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОЛУСИНТЕТСКИ ЦЕФАЛОСПОРИНИ

Националната агенција за лекови и за медицински помагала, при Министерството за здравство од Република Романија, по извршената инспекција во февруари 2011 година, согласно член 111(5) од Директивата 2001/83/EC, во Погонот за производство на полусинтетски цефалоспорини, ПЦ - Фармација, го обнови сертификатот за сообразност со начелата на Добрата производна практика (GMP), дефинирани во Директивата 2003/94/EC првпат издаден во 2003 година.

## СОРАБОТКА СО АРБОН ОД САД

Во јуни 2011 година започна соработката со реномираната компанија Арбон Интернационал од САД, за која Алкалоид го произведува конвенционалниот чај за детоксикација наменет за пазарите на оваа компанија во САД, Канада, Обединетото Кралство и во Австралија.

## GMP CERTIFICATE FOR SEMI-SYNTHETIC CEPHALOSPORINS PRODUCTION PLANT

The National agency for drugs and medical devices at the Ministry of Health of the Republic of Romania, following an inspection conducted in February 2011, pursuant to Article 111 (5) of Directive 2001/83/EC, in the plant for production of semi-synthetic cephalosporins, PC Pharmaceuticals, has renewed the certificate of conformity with the principles of good manufacturing practice (GMP), as defined in the Directive 2003/94/EC, first issued in 2003.

## COOPERATION WITH ARBONNE, USA

In June 2011 the cooperation with the distinguished company Arbonne International from the USA commenced, in the framework of which Alkaloid produces the conventional detoxification tea for their markets in America, Canada, the United Kingdom and Australia.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ALKASAP ВО АЛКАЛОИД Д.О.О. ЗАГРЕБ

Во јули 2011 година, Алкалоид д.о.о. Загреб, Република Хрватска беше втората подружница на Алкалоид АД - Скопје во која се заврши имплементацијата на САП, најсовремениот податочен информациски систем.

## СЕРТИФИКАТ ISO 13485:2003 ЗА ПРОГРАМАТА ХЕМИЈА

Во јули 2011 година, програмата Хемија - медицински помагала, од Профитниот центар - Хемија, Козметика, Билка на Алкалоид АД - Скопје се стекна со Сертификатот ISO 13485:2003. Сертификатот опфаќа дизајн, развој, производство и дистрибуција на медицински помагала: рендген филмови и концентрирани раствори за хемодијализа, како и производство по договор, пакување, етикетирање и дистрибуција на кертриџи за хемодијализа и раствор за развивање на рендген филмовите и фиксери. Проверката ја изврши реномираното сертификационо тело DEKRA Certification B.V. од Холандија. Со ова Алкалоид АД - Скопје продолжува со создавањето цврсти основи за освојување нови европски пазари со ова производно портфолио.

## IMPLEMENTATION OF ALKASAP IN ALKALOID LTD. ZAGREB

In July 2011, Alkaloid Ltd. Zagreb, Republic of Croatia was the second subsidiary of Alkaloid AD Skopje to have completed the implementation of SAP, the state-of-the-art data information system.

## ISO 13485:2003 CERTIFICATE FOR THE CHEMISTRY PROGRAM

In July 2011, the program Chemicals/Medical devices, from the profit center Chemicals, Cosmetics and Botanicals of Alkaloid AD Skopje was granted an ISO 13485:2003 certificate. This certification covers the design, development, production and distribution of medical devices: X-ray films and concentrated hemodialysis solutions, as well as contract manufacturing, packaging, labeling and distribution of cartridges for hemodialysis and solution for developing X-ray films and fixers. The inspection was conducted by the renowned certification body DEKRA Certification BV from the Netherlands. Thus Alkaloid AD Skopje continues with the creation of solid foundations for the conquest of new European markets with this production portfolio.







# 75 ГОДИНИ УСПЕШНА

## македонска приказна

**75 YEARS
MACEDONIAN SUCCESS STORY**

**Брендот Алкалоид** е препознатлив и потврден како што е препознатливо и неговото мото - **Здравјето пред сè**... Слоган кој е наш мотив при остварувањето на нашата мисија за поздрав свет и за супериорен квалитет на производите и на услугите. Наша цврста определба е грижа за здравјето на секој поединец, квалитетот на животот на секој човек, здравствениот систем и животната средина.

**Alkaloid brand** is recognizable and well-established, just like its motto - **Health above all**... A slogan that is our strong motivation in the accomplishment of our mission for contributing to healthier world while providing superior quality of the products and services. We are firmly committed to take care for the health of each individual, to work on improvement of the quality of life for everyone, to work for the benefit of the healthcare system and protect the environment.

Успехот во работењето на Алкалоид се должи пред сѐ, на квалитетот на производите, на квалитетот на кадрите коишто работат во Компанијата, на брендот Алкалоид и на поединечните брендови кои ги имаме, а кои ги граделе генерациите пред нас, години наназад.

Годините кои ги оставаме зад нас, се вистински повод да се осврнеме на она што сме го направиле, но секако се и обврска пред предизвиците што ни претстојат.

Извозната ориентација, стабилната пазарна позиција, отвореноста кон нови партнерства и врвни стандарди во деловната практика - се клучните поенти во корпоративната стратегија на Алкалоид АД, она по што Компанијата е препознатлива.

Пробив на странски пазари, раст на производството и на извозот, јакнење на брендот, ширење на бизнисот, партнерства со реномирани странски компании - се низата наши достигнувања. Наш императив е заштитата на интересите на вработените, потрошувачите, акционерите, деловните партнери и на останатите иматели на удели, а нашата основна определба е ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СЀ.

## ИНВЕСТИЦИИ

Периодот зад нас, беше во духот на инвестирање во нова високософистицирана опрема и континуирана имплементација на највисоките светски стандарди во производниот сегмент, потврдена од реномирани регулаторни авторитети. За таа цел, само во изминативе 5 години, Алкалоид инвестираше над 7,5 милиони евра во нова производна опрема.

Посветеноста на перманентниот развој, која е одлика на светски признатите фармацевтски гиганти, следењето на трендовите во фармацијата и исполнувањето на строгите регулаторни барања, беа причината поради која Алкалоид вложи близу 9 милиони евра за изградба и за почетно опремување на новиот Институт за развој и за контрола на квалитет и уште 700 000 евра во дополнителна лабораториска опрема. Формирањето на Институтот, инвестиција комплетирана во 2009. година, всушност претставува додадена вредност на лековите од аспект на развој и воведување нови технологии и инструментални методи, одржување на супериорниот квалитет, постојано подобрување

The success in the operation of Alkaloid is due primarily to its high quality products, well trained professionals working in the company, the Alkaloid brand and its individual brands, built interim decades of existence by the generations before us.

The years that we leave behind us are good occasion to glance back and see what we have done but are also an obligation for us to face every challenge that may come ahead.

Export orientation, stable market position, openness to new partnerships and implementation of the highest standards in the business practice - are some of the key points in the corporate strategy of Alkaloid AD, features that make our company distinctive and recognizable.

Breakthrough to the foreign markets, growth in the production and the export volumes, strengthening of the brand, expansion of the business, partnerships with renowned foreign companies – are some of our achievements. Our imperative is to protect the interests of our employees, customers, shareholders, business partners and other stakeholders, and our main commitment is HEALTH ABOVE ALL.

## INVESTMENTS

The past decades were in the spirit of investments in new, highly sophisticated equipment and continuous implementation of the highest world standards in the production segment, verified by renowned regulatory authorities. Therefore, only in the past five years, Alkaloid invested over EUR 7.5 mil. in new production equipment.

The dedication to permanent development, which is a feature of the famous pharmaceutical giants, the implementation of the highest world standards in the pharmaceutical practice and the fulfillment of the rigorous regulatory requirements, were the reason why Alkaloid invested nearly 9 million euros in the construction and initial equipping of the new Institute for Development and Quality Control and further EUR 700,000 in additional laboratory equipment. The establishment of the Institute, an investment completed in 2009, is actually an added value to the drugs from the aspect of development and introduction of new technologies and instrumental methods, maintenance of the superior

и задоволување на европските и американските регулативи за овој тип производи.

Со цел да се обезбеди синхронизација во сите сегменти од работењето, намалување на трошоците, прецизно планирање, поефикасно производство и поголема конкурентност, во 2007. година Компанијата вложи над 2 милиона евра во инсталирањето на САП, модерен интегриран софтверски систем кој обезбедува брз пристап до информациите и контрола на податоците. Почнувајќи од 2011. година започна имплементацијата на САП системот и во нашите подружници. Први во редот беа нашата фирма-ќерка Алкалоид Конс и претставништвото во Загреб.

Грижата за животната околина е еден од врвните приоритети во развојната стратегија на Компанијата. Алкалоид постојано ги следи и ги имплементира најновите достигнувања на ова поле, трудејќи се притоа да придонесе кон поздрава и почиста средина во која сите ние живееме. За таа цел, во 2008. година, Алкалоид изврши замена на начинот на работење на старата опрема и енергенси со нови, еколошки и побезбедни, за што беа потрошени околу 500 000 евра.

## ПРОИЗВОДИ

Нашите производи се конкурентни, модерни, ги следат современите трендови и може да се носат со кој било производ од својот сегмент во светот.

Долгорочно гледано, потрошувачите не комуницираат со анонимни производи, туку градат однос со брендот идентификувајќи ги во него своите сопствени вредности. За еден бренд да опстои на пазарот, тој мора континуирано да ги исполнува своите ветувања, за да ја освои довербата кај купувачите, која пак може да се задржи единствено ако производот гарантира константно висок квалитет.

Брендот Кафетин, кој во 2007. година одбележа 50 години од своето постоење, според многу критериуми, е еден од водечките извозни македонски брендови. Со повеќе од 10 милијарди продадени таблети, Кафетин прерасна во синоним за борба против болката. Свеста на потрошувачите за овој бренд е причината поради која Алкалоид реши да развие негови екстензии во правец на нови индикации. Прв во редот беше Кафетин Колд,

quality, continuous improvement and meeting the requirements of the European and American regulations for this type of products.

For the purpose of synchronization of all segments of our operations, cost reduction, accurate planning, more efficient production and greater competitiveness, in 2007 the company invested over 2 million euros in the installation of SAP, a modern integrated software system that provides rapid access to information and data control. In 2011 the implementation of the SAP system started in our subsidiaries as well. First in line were our daughter company Alkaloid Cons, and the subsidiary in Zagreb.

Environmental care is one of the top priorities in the development strategy of the company. Alkaloid constantly monitors and implements the latest advances in this field, thereby seeking to contribute to a healthier and cleaner environment in which we all live. For this purpose, in 2008 Alkaloid changed its modus operandi by replacing the old equipment and utilities with new, environmentally safe energy sources, an endeavor to which 500,000 euros were allocated.

## PRODUCTS

Our products are modern and competitive, they follow the current trends and can keep up with any product of its segment in the world.

In the long run, consumers do not communicate with anonymous products, but they built a relationship with a brand identifying therein their own values. For a brand to survive on the market, it must continually fulfill its promises, in order to win the customers' trust, which in turn, can only be kept if the product guarantees constant high quality.

The Caffetin brand, which in 2007 celebrated 50 years of its existence, according to many criteria, is one of the leading Macedonian export brands.

With more than 10 billion tablets sold, Caffetin become a synonym of the struggle against pain. The consumer awareness of this brand is the reason why Alkaloid decided to develop its extensions in terms of new indications. Caffetin Cold was the first in the line,



**Живко Мукаетов**

Генерален директор и претседател на Управниот одбор на Алкалоид АД - Скопје

**Zhivko Mukaetov**

Chief Executive Officer and President of the Management Board of Alkaloid AD Skopje

следеше Кафетин Менструал, па Кафетин Колд со природен витамин Ц и последната нетаблетарна екстензија наменета за индикациите настинка и грип, на чиј развој се работеше скоро 3 години во соработка со странски партнер, Кафетин Колд макс.

Покрај ОТЦ линијата, кардио препаратите, лековите кои дејствуваат на централниот нервен систем и цефалоспоринските антибиотици се четирите основни линии врз кои се базира стратегијата за раст на Компанијата. Особено внимание посветуваме и на проширување на нашето производно портфолио со нови, ефикасни, безбедни, висококвалитетни и проверени лекови, како од сопствено производство така и преку лиценцни соработки и застапства. Листата на светски имиња од областа на фармацијата, кои го одбраа Алкалоид како докажан, проверен и сигурен партнер, постојано се проширува.

followed by Caffetin Menstrual, Caffetin Cold with natural vitamin C, and the last non-tablet extension intended for treatment of the symptoms of cold and flu, Caffetin Cold Max, that Alkaloid developed in cooperation with foreign partner for almost three years.

Besides the OTC line, the cardio-vascular preparations, the drugs that affect the central nervous system, as well as the cephalosporin antibiotics are the four basic lines the strategy for growth of the company is based on. We pay particular attention to expanding our product portfolio with new, efficient, safe, high-quality and tested drugs, from our own production and through licensing collaboration and representation. The list of world-famous pharmaceutical names, who have chosen Alkaloid as a well-established, verified and reliable partner is constantly expanding.

Довербата во брендот Бекутан 33 години се пренесува од генерација на генерација. Тоа е нашиот најцврст темел за долгогодишна традиција. На почетокот, со само 5 производа за хигиена на детска кожа, денес портфолиото на Бекутан содржи 20 основни типови на производи со вкупно 35 форми, сите клинички и дерматолошки тестирани. На прагот на 75 годишнината, традицијата и квалитетот добија ново пакување. Како изграден бренд во меѓународни рамки, со повеќе од 100 милиона продадени парчиња производи, Бекутан е синоним за традиција, постојан квалитет, доверба, лојалност... всушност, сè она за што Алкалоид постојано води грижа.

Спакувани согласно најстрогите светски регулативи за овој тип производи, Good Nature производите се добитници на бројни признанија. Брендот Good Nature е лидер на македонскиот пазар, што пред сè се должи на квалитетот на производите, препознатливоста и традицијата. Доказ за успешноста на оваа програма е соработката со реномираната Аведа, членка на американската групација Есте Лаудер трасирана во 2004. година. Од јуни 2011. година започна соработката и со компанијата Арбон од САД за која Алкалоид го произведува чајот за детоксикација наменет за нивните пазари во Америка, Канада, Обединетото Кралство и во Австралија.

Потврда за традицијата, квалитетот и довербата која овие производи ја уживаат кај купувачите се и наградите од престижната меѓународна организација Супербрендс. Кафетин ја доби наградата за златен супербренд најпрво во Србија, потоа и во Македонија. Бекутан ова признание го доби за пазарот во Македонија, потоа во Босна и Херцеговина и во Хрватска.

## ИЗВОЗОТ - НОСИТЕЛ НА НАШИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

Ние сфативме дека фокусираноста на извозот е патот кон нашиот раст и развој. Решивме хендикепот на тоа што како држава сме мал пазар да го претвориме во наша предност. За остварување на оваа цел, Алкалоид континуирано инвестира во зајакнување на продажните тимови на пазарите каде што сме присутни. Така, само во последните пет години отворивме три нови претставништва и еден производен погон надвор од Македонија.

The confidence in the Becutan brand is passed from one generation to another for 33 years. It is the cornerstone of our long-standing tradition. Having started with only 5 products for children's skin hygiene in the very beginning, today's portfolio contains 20 Becutan basic types of products in 35 forms, all clinically and dermatologically tested. On the threshold of our 75th anniversary, our tradition and quality were given a new packaging design.

As an internationally established brand, with more than 100 million pieces of sold products, Becutan is a synonym of tradition, consistent quality, trust, loyalty ... actually, everything that Alkaloid constantly cares for.

Packed in compliance with the most rigorous regulations for this type of products in the world, the Good Nature products are recipients of numerous awards. The Good Nature brand is leader on the Macedonian market, primarily due to the product quality, high brand awareness and tradition. The collaboration with the renowned Aveda, a member of the American Estée Lauder group, established in 2004 testifies to the success of this program. Starting from June 2011 the cooperation with the company Arbonne from USA commenced, in the framework of which Alkaloid produces the detoxification tea intended for their markets in USA, Canada, the United Kingdom and Australia.

The prestigious awards from the international Superbrands organisation are a confirmation of the tradition, quality and trust that these products enjoy among their customers. Caffetin won the first golden Superbrand in Serbia, and then in Macedonia. Becutan received this recognition for the Macedonian market, and then in Bosnia and Herzegovina and Croatia.

## EXPORT – KEY FACTOR OF OUR GROWTH AND DEVELOPMENT

We realized that the focus on exports is the way to our growth and development. We decided to turn to our advantage the handicap that we, as a country, are a small market. To achieve this goal, Alkaloid is continuously investing in strengthening its sales teams on the markets where we operate. Thus, in the last five years alone, we have opened three new subsidiaries and a production plant abroad.

Во пресрет на 75 - годишниот јубилеј, Алкалоид е 6 -та фармацевтска индустрија во Југоисточна Европа. Имаме 14 канцеларии надвор од Македонија, а нашите производи се присутни на пазарите во 30-ина земји во светот.

On the treshold of our 75th anniversary, Alkaloid is ranked as the 6th pharmaceutical industry in Southeast Europe. We have fourteen offices outside Macedonia, and our products are present on the markets in around 30 countries worldwide.

Со цел да се зајакнат нашите позиции на традиционалните извозни пазари во регионот, во 2007. година Алкалоид ја отвори својата подружница во Подгорица, Црна Гора.

Кон крајот на 2010. година, по интензивни 10 месеци работа на проектот и вложени 750 000 евра, Алкалоид го отвори својот прв капацитет надвор од Македонија, во Белград, Р. Србија, каде што се произведуваат 31 фармацевтска форма, согласно строгите стандарди за добра производна практика (GMP).

За интензивирање на извозните операции на Компанијата кон земјите членки на Европската Унија, кон крајот на 2010. година отворивме уште едно претставништво во Република Словенија, Алкалоид Фарм, со седиште во Љубљана. Со оваа инвестиција, Алкалоид обезбеди поефикасни локални операции на словеначкиот пазар и соодветна дистрибуција на Алкалоидовите производи на ЕУ - пазарите.

Трет и исто така важен сегмент кон кој се насочени нашите напори се земјите на поранешниот Советски Сојуз. Во 2009. година започна да функционира и нашата канцеларија во Киев, Украина.

## ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Општествената одговорност е дел од традицијата на Алкалоид. Ние веруваме дека преку нашата општествена одговорност можеме да придонесеме во подобрувањето, унапредувањето и во развојот на заедницата во која дејствуваме.

Како проверен и сигурен партнер на македонското здравство и фармација, Алкалоид активно партиципира и помага во реализацијата на домашни и на меѓународни стручни манифестации, учествува со донации во опрема и инфраструктурни проекти за амбулантите и за болниците низ Македонија. Со цел да се постигне долгорочно дејствување во овие

In order to strengthen our positions on the traditional export markets in the region, in 2007 Alkaloid opened its branch office in Podgorica, Montenegro. Towards the end of 2010, after 10 months of intensive work on the project and 750,000 euros invested therein, Alkaloid opened its first facility outside Macedonia in Belgrade, Republic of Serbia, where 34 pharmaceutical forms are produced in compliance with the strict standards of Good Manufacturing Practice (GMP).

In order to intensify the export operations in the markets of the European Union member states, towards the end of 2010 we opened additional office in the Republic of Slovenia, Alkaloid Pharm, based in Ljubljana. With this investment, Alkaloid ensured more efficient local operations on the Slovenian market and appropriate distribution of Alkaloid's products on the EU markets.

Third and equally important segment our efforts are targeted at are the countries of the former Soviet Union. In 2009 our subsidiary in Kiev, Ukraine started operating.

## SOCIAL RESPONSIBILITY

Social responsibility is part of the tradition of Alkaloid. We believe that through our social responsibility we can contribute to the improvement, advancement and development of the community in which we operate.

As a verified and reliable partner of the Macedonian healthcare and pharmacy, Alkaloid actively participates and aids in the performance of domestic and international expert events and participates with donations in equipment and infrastructure projects in the out-patient clinics and hospitals throughout Macedonia. In order to achieve long-term operation in these two segments, in 2007,

два сегмента, Алкалоид, во чест на големиот стратег и визионер, во 2007. година ја формираше Фондацијата „Трајче Мукаетов" која стипендира млади, талентирани и амбициозни студенти кои својата кариера ја посветиле на македонското здравство и фармација.

Логото на Алкалоид и неговото мото „Здравјето пред сè" се често присутни и на дресовите на македонските спортски репрезентации. Шаховскиот клуб „Алкалоид" со години е на врвот во Македонија, а во 2009. година се најде меѓу најдобрите 10 во Европа. Едноставно, стоиме и ќе застанеме зад најдоброто од Македонија, било да се проекти од областа на науката, културата или уметноста.

За вработените на Алкалоид е прилично важна посветеноста на општествената одговорност. За таа цел, во 2010. година ги промовиравме двата, за нас стратешки битни документи: "Политика на општествена одговорност на Алкалоид АД" и нашиот "Код на етичко и бизнис однесув ање".

## ПЕРСПЕКТИВИ

Во пресрет на 75 - годишниот јубилеј, Алкалоид е 6 -та фармацевтска индустрија во Југоисточна Европа. 2011. година очеккуваме да ја завршиме со вкупен обрт од над 105 милиони евра. Имаме четиринаесет канцеларии надвор од Македонија, а нашите производи се присутни на пазарите во триесеттина земји во светот.

На глобален план, Алкалоид како фармацевтска компанија станува сè поатрактивен. Компанијата има неколку предности, како што е присутност и етаблираност на повеќе пазари во регионот, сè помоќно и модерно продукт портфолио, професионален и обучен кадар и стандарди на работење кои се компатибилни со најстрогите светски регулативи. Како независни, ние сме флексибилни и многу побрзи во протокот на информации и процесот на донесување одлуки, која проактивност истовремено е и наша конкурентска предност. Тоа е наша среднорочна определба, барем во следните три до пет години. Преку јакнење на нашите позиции во регионот, подобро позиционирање на пазарите на земјите членки на Европската Унија, ЗНД и САД, ние сме постојано отворени за градење нови синергии и партнерства, специјализирање во одредени групи производи и генерално јакнење на брендот Алкалоид надвор од границите на Македонија.

Глобализацијата е неминовен процес. Алкалоид и Македонија се дел од тој глобален систем на функционирање. На долгорочен план, менаџментот на Компанијата го гледа Алкалоид како дел од некој голем фармацевтски систем, преку кој со нашето име ќе освојуваме нови пазари.

in honour of the great strategist and visionary, Alkaloid formed the "Trajche Mukaetov" foundation that awards scholarships to young, talented and ambitious students who devoted their career to the Macedonian healthcare and pharmacy.

The Alkaloid logo and its motto "Health above all" are often present on the dresses of the Macedonian sports national teams. The "Alkaloid" chess club has been on the top in Macedonia for years and in 2009 it was among the top 10 in Europe. We simply support and will support the best of Macedonia, be it science, sports, culture or art projects.

Commitment to social responsibility is quite important for the employees of Alkaloid. For this purpose in 2010 we promoted two, for us strategically important documents: "Social Responsibility Policy of Alkaloid AD" and our "Code of Ethics and Business Conduct."

## PERSPECTIVES

On the treshold of our 75th anniversary, Alkaloid is ranked as the sixth pharmaceutical industry in Southeast Europe. We expect to finish the year 2011 with total consolidated sales of over EUR 105 million. We have fourteen offices outside Macedonia, and our products are present on the markets in around thirty countries worldwide.

Globally speaking, as a pharmaceutical company, Alkaloid is becoming ever more attractive. The company has several advantages, such as being present and well-established on the markets in the region, having an increasingly powerful and modern product portfolio, professional and well-trained staff and operating standards that are compatible with the most rigorous regulations worldwide. Being independent, we are flexible and much faster regarding the flow of information and the decision making process. Thus being proactive is our competitive advantage. This is our mid-term commitment, at least the next three to five years. By strengthening our position in the region, better positioning on the markets of the member states of the European Union, CIS and the USA, we are constantly open to building new synergies and partnerships, specializing in certain product groups and general strengthening of the Alkaloid brand beyond the Macedonian borders.

Globalization is an inevitable process. Alkaloid and Macedonia are parts of the global system of operation. In the long term, the management of the company sees Alkaloid as part of a major pharmaceutical system, through which we shall conquer new markets with our name.

**Одбележување на дијамантскиот јубилеј, 75 години од основањето на Алкалоид,** ни дава исклучителен поттик за надградување на постигнатите резултати. Исправени пред ваквите тешки предизвици, ние мора да ги вложиме сите напори да го задржиме континуираниот тренд на раст на Компанијата. Вложивме многу знаење и искуство. Имаме амбиција и желба за соочување со секој предизвик и можеме да бидеме сигурни дека нашите чекори се вистинските, оптималните. Алкалоид и понатаму ќе остане да биде добрата вест која доаѓа од Македонија.

**jubilee, 75 years of the establishment of Alkaloid,** gives us an exceptional incentive to improve the results achieved. Faced with such difficult challenges, we must exert all efforts to maintain the trend of continual of growth of the company. We have invested a lot of knowledge and experience. We have the ambition and desire to face any challenge and we can be sure that our steps are the real ones, the optimal ones. Alkaloid will continue to be the good news that comes from Macedonia.

**Вкупни консолидирани продажби 2006-2010**
(во милиони евра)

**Total Consolidated Sales 2006-2010**
(in million euros)



ALKALOID’S LEADERS

# ЛИДЕРИТЕ
## НА АЛКАЛОИД

На чело на Компанијата во периодот 1945-1946 година беше инженерот **Кирил Хаџи Томов.** Како еден од првите експерти на Алкалоид, тој во наредните 30 години дава значаен придонес во развојот, особено во делот на алкалоидното производство.



During the period 1945-1946 the engineer **Kiril Hadzi Tomov** was the head of the company. As one of the first experts in Alkaloid, in the next 30 years he made a significant contribution to its development, especially in the field of alkaloid production.

Негов наследник е **Венцислав Павлов,** еден од ретките индустриски фармацевти во тоа време во Македонија.



His successor was **Vencislav Pavlov**, one of the few industrial pharmacists at that time in Macedonia.

Веднаш по него на раководната функција доаѓа **Никола Илиев.**



Immediately thereafter **Nikola Iliev** assumed the leadership position.

Во 1949 година Алкалоид го предводи **Борис Стафановски.**



In 1949 Alkaloid was managed by **Boris Stafanovski.**

Во 1950 година, на директорската позиција доаѓа **Климе Стојанов,** кој со Алкалоид раководи во наредните 10 години.



In 1950, **Klime Stojanov** became the manager, and he managed Alkaloid in the next 10 years.

Во развојот на македонската фармацевтска индустрија во шеесеттите години на минатиот век, значаен придонес дава **Михајло Стојанов.** Како фармацевт, тој непосредно учествува во проектирањето и разработката на технологијата за Галенскиот погон во 1957 година. Посебна негова заслуга е отворањето на погонот за екстракција на афионовите чушки.



In the development of Macedonian pharmaceutical industry in the sixties of last century, **Mihajlo Stojanov** made a significant contribution. As a pharmacist, he directly participated in the design and elaboration of the technology of the Galenic plant in 1957. His special merit is the opening of the plant for extraction of poppy capsules.

Во 1960 година, **Георги Икономов** го презема кормилото на Компанијата. Според многумина, мандатот на Икономов е периодот кога со кадровско-технолошката стратегија се создадаваат темелите на модерна фармацевтско-хемиска индустрија.



In 1960, **Georgi Ikonomov** took the helm of the company. According to many, the mandate of Ikonomov was the period when with the personnel equipping and technological strategy the foundations of the modern pharmaceutical and chemical industry were established.

Негов наследник е **Ангел Симов,** кој на функцијата е избран во 1973 година како човек кој ќе ја продолжи дотогашната експанзија и афирмација на Алкалоид во земјата и во странство. Претходно Симов, како фармацевт, работи на повеќе раководни позиции во Компанијата. Во периодот на неговото раководење со Алкалоид се унапредува производството на фармацевтски производи.



His successor was **Angel Simov**, who took office in 1973 as a man who continued the previous expansion and affirmation of Alkaloid in the country and abroad. Previously Simov, as a pharmacist, worked on several managerial positions in the company. During his management Alkaloid promoted the production of pharmaceutical products.

Интензивирањето на растот и развојот на Алкалоид во водечка фармацевтска компанија во регионот е главното обележје за раководниот мандат на **Трајче Мукаетов,** кој на челната позиција доаѓа во 1985 година. Зголемувањето на нивото на конкуретност, преку инвестирање во фабричките капацитети и автоматизирање на производните процеси, е носечката карактеристика на декадите подем на Алкалоид. Неговиот придонес во развојот и во афирмацијата на Компанијата, дефинирањето на бизнис-стратегијата и долгорочната политика продолжува и од актуелната позиција на претседател на Управниот одбор на Алкалоид АД.



The intensification of the growth and development of Alkaloid into a leading pharmaceutical company in the region is the main feature of the management mandate of **Trajche Mukaetov,** who assumed the leadership position in 1985. The increase in the level of competitiveness by investment in the factory facilities and automation of the production processes is the most important feature of the decades of the rise of Alkaloid. His contribution to the development and promotion of the company, the defining of the business strategy and the long-term policy continued even from his position of President of the Management Board of Alkaloid AD.

Начелото дека за сè попробирливите светски пазари инвестирањето не е избор туку неопходност е главната определба во новата етапа од развојот на Алкалоид, во која раководството го презема **г. Живко Мукаетов.** Стратегијата на Компанијата е насочена кон освојување нови пазари и кон засновање нови партнерства, со промовирање на нови висококвалитетни производи изработени според последните светски технологии.



The principle that for the increasingly selective world markets investment is not a choice, but a necessity is a major commitment in the new stage of the development of Alkaloid, in which the leadership role was taken by **Mr. Zhivko Mukaetov.** The company's strategy is aimed at conquering new markets and establishing new partnerships by promoting new, high quality products manufactured in compliance with the latest world technologies.

Издадено од:
АЛКАЛОИД АД Скопје

Produced by:
ALKALOID AD Skopje

Подготовка и дизајн:
Концепт Маркетинг Комуникации

Editorial and design:
Concept Marketing Communication

Печати:
Скенпоинт / Бато и Дивајн

Print by:
Skenpoint / Bato & Divajn

Тираж:
1000 копии

Circulation:
1000 copies

Скопје
Септември, 2011

Skopje
September, 2011

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

661.12(497.711)"1936/2011"(085)

СЕДУМДЕСЕТ и пет години успешна македонска приказна
75 години успешна македонска приказна = 75 years macedonian success story. - Скопје : Алкалоид = Skopje : Alkaloid, 2011. - 80 стр. : илустр. ; 30 см

Текст напоредно на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-2643-1-3
1. Насп. ств. насл.
а) Алкалоид, хемиска, фармацевтска, козметичка индустрија (Скопје) - 1936-2011 - Деловни публикации
COBISS.MK-ID 89247498